ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
03 Бр. 397/15
25.06.2015 год.
СКОПЈЕ

# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
# ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2014 ГОДИНА

Врховниот суд на Република Македонија, во остварувањето на својата надлежност согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06) и член 80 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, на проширена Општа седница одржана на 10.06.2015 година, во присуство на Претседателот на Вишиот управен суд, претседателите на апелационите судови и Претседателот на Судскиот совет, ги разгледа рефератите подготвени од судиите известители на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работата на судовите во Република Македонија во 2014 година.

По одржаната расправа и изнесените Предлог заклучни согледувања и констатации од страна на судиите известители на Врховниот суд на Република Македонија, како и дадените забелешки и предлог мерки од присутните претседатели надлежни за Управниот и основните судови од своето апелационо подрачје, беа изготвени предлог Оценки и заклучоци.

Општата седница одржана на 25.06.2015 година, ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

## I. Општи констатации

**Вовед**

Согласно надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија да ја следи работата на судовите, од страна на судиите известители на Врховниот суд на Република Македонија беа изготвени реферати врз основа на доставените извештаи од страна на Претседателите за судовите за 2014 година. Извештаите за судовите ги содржат податоците генерирани од АКМИС Системот по уписници согласно Судскиот деловник и во истите прикажани се предметите опфатени со ориентациона норма и дел од предметите кои не се опфатени со ориентациона норма, без предметите од судска управа. Воедно, во прикажаните предмети внесени се како погрешно, така и повторно заведените предмети.

**Состојба со предмети**

Судовите во 2014 година имале **вкупно во работа 618.084 предмети**, во текот на годината примиле 443.257 предмети. Решени се 479.485 предмети, а останале нерешени 138.599 предмети. Со тоа, судовите во 2014 успеале да го совладаат приливот на предмети и **го намалиле заостатокот за 36.228 предмети.**

**Заклучок**

Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија констатира дека судовите во 2014 година биле ефикасни во решавањето на предметите. Вишиот управен суд и Управниот суд успеале да го совладат приливот на нови предмети и го намалиле заостатокот за 1655 предмети.

Апелационите судови во 2014 година успеале да го совладаат приливот и да намалат од заостатокот на предмети, освен Апелациониот суд Скопје кој го зголемил заостатокот за 2.632 предмета, како резултат на недоволниот број на судии и непотполнетост на судот со соодветен стручно административен кадар.

Основните судови во 2014 година решиле **426.599**, со што го совладале приливот на нови предмети и заостатокот го намалиле за **36.895** предмети.

Останува констатацијата дека судовите по покажаната ефикасност ќе треба да водат грижа за задржување и подобрување на квалитетот, посебно во поединечни оддели каде има забележано негово опаѓање.

Се констатира и дека е подобрена состојбата со стари предмети, но сепак останува констатацијата дека треба да се работи на реализирање на подготвените планови за решавање на старите предмети во судовите.

- **Персонален состав**

Податоци за кадровската состојба со број на судии, стручни, советници и судската администрација, значајни од аспект на потребниот соодветен кадар кои придонесуваат за поефикасно и поквалитетно судство.

Компаративно **судската функција** ја извршувале:
**во 2013 година - 658 судии,**
**а во 2014 година - бројот на судиите е 609**
во дадениот податок не се опфатени судиите на кои им мирува судискиот стаж по разни основи.

Бројот на **вкупно вработените** во судовите:
**во 2013 година 2.328,**
**а во 2014 година – 2.336.**

**Заклучок**

Констатацијата за сите судови е дека недостасува пополнување на судовите со соодветен кадар посебно по упразнување на работните места со исполнување на условите за пензионирање, како на дел со стручни соработници, така и со потребниот технички кадар во судовите. Се констатира потребата од континуирана едукација, како за судиите, така и за претставниците на судската служба и техничкиот кадар.

- **Информатичка технологија**

Во најголем дел од судовите се констатира дека се работи за застарена и со години необновена информатичка опрема, со што е потребно да се

обезбеди континуирано обновување на информатичката технологија, согласно новите модерни тековни решенија.

- Од податоците содржани во извештаите од судовите се констатира дека во поголем дел од судовите надминат е проблемот на просторното сместување, но сепак останува да се реши проблемот со обезбедување на услови на одржување на просториите. Во некои судови сеуште треба да се подобрат просторните услови, а во најголем број судови да се посвети внимание за обезбедување услови за континуирано одржување на добрите просторни решенија и услови.

## II.ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО СУДОВИ

### ВИШ УПРАВЕН СУД

### 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Вишиот управен суд од претходната 2013 година останале нерешени 87 предмети. Во текот на 2014 година примени се 3.050 нови предмети, така што вкупно во работа биле 3.137 предмети. Во 2014 година решени се 3.055 предмети, а останале нерешени 82 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на суд изнесува 291 предмет, а по судија 32,3 предмети.

### 2.СУДСКА УПРАВА

Во Вишиот управен суд примени се 898 предмети од областа на судската управа од кои во уписникот "Су" се заведени 665, во уписникот "Су-Дов" се заведени 24, во уписникот "Су.спр.Дов" 3, во уписникот "УПП" 204 и во уписникот "СПИ" 2 предмети. Сите предмети од судската управа се решени.

### 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

Работата по предметите во Вишиот управен суд се одвива во три специјализирани судски оддели.

#### 3.1.Оддел за имотно–правна област и други права

Во овој оддел во извештајниот период се примени 1.232 предмети, од кои се решени 1.221 предмет. Месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 116,2 или по судија 23,2 предмети.

#### 3.2.Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права

Во овој оддел во извештајниот се примени 631 предмет, од кои се решени 626 предмети. Месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 59,6 или по судија 29,8 предмети.

### 3.3.Оддел за финансиски, царински, даночни и други права

Во овој оддел во извештајниот период се примени 1.187 предмети, а решени се 1.208 предмети. Месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 115 или по судија 28,7 предмети.

## 4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во овој суд нема предмети кои останале нерешени повеќе од 2 години, односно од 2012 година.

## 5.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Вишиот управен суд во 2014 година успеал да го совлада приливот на нови предмети, а заостатокот го намалил за 5 предмети.

Просторните услови за работа и опременоста на судот со компјутери и друга техничка опрема задоволува.

Според бројот на нерешени предмети согласно критериумите на Врховниот суд на Република Македонија, Вишиот управен суд е апсолутно ефикасен суд.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Како и претходната и оваа година, ја потенцираме потребата од навремено и трајно сместување на овој суд и Управниот суд во иста зграда;

- Континуирана едукација на судиите и останатите вработени во судот;

- Постојано да се следи месечниот прилив на предмети кој се зголемува, како би можело навремено да се интервенира со распоредувањето и подеднакво оптоварување на судиите и вработените во судската служба;

- Судот почесто мериторно да ги решава управните работи и
- По можност да се обезбеди финансиска поддршка за реализација на посебен проект во врска со интерконекцијата на органите на управата со Управниот и Вишиот управен суд, преку кој би се обезбедил електронско доставување на предметите, со што во голема мера би се подобрила ефикасноста на судовите и органите на управата.

## УПРАВЕН СУД

## 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во текот на 2014 година во Управниот суд се примени 13.745 предмети, од претходната година останале нерешени 12.461 предмет, вкупно во работа

биле 26.138 предмети, од кои 15.395 предмети се решени, а останале нерешени 10.743 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на суд изнесува 1.399, а по судија 49,96 предмети.

## 2.СУДСКА УПРАВА

Во судската управа се примени 1.307 предмети евидентирани во уписникот "Су", решени се 3.375, а останале нерешени 3 предмети. Во уписникот "УПП" евидентирани се 1.515 новопримени предмети, решени се 1.574, имајќи го предвид остатокот од претходната година, а останале нерешени 17 предмети. Во уписникот "СПИ" се евидентирани 23 нови предмети, решени се 13, а останале нерешени 10 предмети.

## 3.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ

Работата по предметите во овој суд се одвива во четири специјализирани оддели и тоа:

### 3.1.Оддел за имотно–правна област и други права, урбанизам, градежништво и други права

Во овој оддел постапуваат два совета. Советот кој постапува по предметите од имотно-правната област и други права решил 1.945 предмети, а останале нерешени 1.279 предмети. Советот кој постапува по предметите од областа на урбанизмот, градежништвото и други права решил 1.755 предмети, а останале нерешени 1.564 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 336 предмети, а по судија 56 предмети.

Во овој оддел од 664 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 493 или 74,2%, преиначени се 67 или 10%, укинати се 30 или 4,5% и отфрлени 74 или 11%.

### 3.2.Оддел за денационализација и други права

Во овој оддел функционираат два совети со осум судии. Решени се 4.222 предмети, а останале нерешени 2.447 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 383,8 предмети, а по судија 47,9 предмети.

Во овој оддел од 468 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 309 или 66%, преиначени се 105 или 22,4%, укинати 38 или 8,1% и отфрлени 16 или 3,42%.

### 3.3.Оддел за за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царина и други права

Во овој оддел функционираат два совети. Советот кој постапува по предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско

осигурување и други права решил 2.734 предмети, а останале нерешени 1.155 предмети. Советот кој постапува по предметите од областа на царините и други права решил 1.201 предмет, а останале нерешени 1.577 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 358, а по судија 59,7 предмети.

Во овој оддел од 804 предмети, вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 612 или 76,1%, преиначени се 135 или 16,8%, укинати 27 или 3,4% и отфрлени 30 или 0,4%.

### 3.4.Оддел за јавни набавки и други права и даноци

Во овој оддел функционираат два совети со седум судии. Вкупно биле решени 3.538 предмети, а останале нерешени 2.721 предмет.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 321,7, а по судија 45,9 предмети.

Во овој оддел од 811 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 586 или 72,3%, преиначени 156 или 19,1%, укинати 26 или 3,2% и отфрлени 44 или 5,4%.

## 4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На почетокот од извештајниот период имало 510 стари предмети. Во текот на годината статус на стари предмети добиле 1.535 предмети или вкупно 2.045 од кои се решени 1.932 предмети, а на крајот од 2014 година останале нерешени 113 предмети.

## 5.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во 2014 година не е решен проблемот со несоодветно просторно сместување на вработените во Управниот суд, што беше констатирано и во извештаите за работа на овој суд од претходните години.

Во споредба со 2013 година, пополнетоста на работните места во судската служба е зголемена за четворица извршители.

Приливот на предмети споредено од претходната година е зголемен за 831 предмет. Бројот на решени предмети е зголемен за 851 предмет. Приливот е совладан во целост, а заостатокот намален за 1.717 предмети.

Квалитетот на одлуките во Одделот за денационализација и други права и Одделот за имотно-правна област и други права, урбанизам и градежништо и други права е послаб во споредба со 2013 година.

Просекот на решени предмети за 2014 година изнесува 1.399 предмети месечно. Вкупниот број на нерешени предмети е 10.743 предмети, што претставува 7,7 месечен заостаток, поради што Управниот суд според критериумите на Врховниот суд на Република Македонија е релативно ефикасен суд.

## 6. ПРЕДЛОГ МЕРКИ

- Да се реши проблемот со несоодветно просторно сместување на вработените во Управниот суд;
- Зајакнување на човечките ресурси со кадровско екипирање на судот;

- Постојано да се следи месечниот прилив на предмети, како би можело навремено да се интервенира со распоредување и подеднакво оптоварување на судиите и вработените во судската служба;
- Да се решат старите предмети;
- Судот почесто мериторно да ги решава управните работи;
- Континуирана едукација на судиите и вработените во судот и
- По можност да се обезбеди финансиска поддршка за реализација на посебен проект, во врска со интерконекцијата на органите на управата со Управниот суд и Вишиот управен суд, преку кој би се обезбедило електронско доставување на предметите, со што во голема мера би се подобрила ефикасноста на судовите и органите на управата.

# АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

### ОБЕМ НА РАБОТА

Во извештајната 2014 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 22.203 предмети, од кои 3.621 предмет кои како незавршени се пренесени од претходната година, 18.462 новопримени предмети и 120 предмети повторно во работа. Споредбено во однос на претходната година кога обемот на работа изнесувал 20.087 предмет, истиот е зголемен за 2.116 предмети.

Во оваа година приливот на нови предмети изнесува 18.462 предмети, кој спореден во однос на претходната година претставува зголемување за 2.301 предмет.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 15.822 од новопримените предмети и 108 од предметите повторно земени во работа, што е за 531 предмет помалку во однос на минатата година, како последица на непополнетиот број на судиски места утврдени за овој суд како и состојбата со стручните судски службеници и судските референти-дактилографи.

Заклучно со 31.12.2014 година останале 6.273 незавршени предмети, што претставува зголемување на заостатокот незавршени предмети за 2.647 предмети во однос на претходната година.

### РАБОТА НА СУДОТ ВО РАМКИТЕ НА СУДСКАТА УПРАВА

Во текот на 2014 година судот имал во работа вкупно 2.724 предмети, од кои решени се 2723 предмети, а останал нерешен еден предмет.

## СОСТОЈБА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТАТА

### Кривичен оддел

#### Кривични предмети и кривични предмети-малолетници

Во кривичниот оддел во извештајната година, вкупно во работа имало 2.502 кривични предмети (КЖ) од кои 175 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 2.310 предмети се новопримени и 17 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 2.111 предмет од кои 2.096 новопримени и 15 предмети повторно во работа, што значи дека приливот не е совладан, а на крајот на годината останале нерешени 391 предмет кои се пренесуваат за наредната година. Во однос на претходната година, кога судот имал во работа вкупно 2.257 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 245 предмети. Приливот на новопримени предмети е зголемен за 213 предмети во однос на претходната година, а зголемен е и бројот на решени кривични предмети за 29 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 175 предмет, во извештајната година бројот на нерешени кривични предмети е зголемен за 216 предмети, односно останати се како нерешени 391 предмет.

Во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал, во кој во работа имало вкупно 129 предмети, од кои 113 предмети се примени во извештајната година, а 16 пренесени како нерешени од претходниот период. Од предметите во работа завршени се 101 предмети, а како нерешени останале 28 предмети, при што приливот не е совладан. Во извештајната година приливот на нови предмети е зголемен во однос на претходната година кога изнесувал 88 предмети.

Исто така, во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривични предмети против малолетни лица. Во извештајниот период вкупно во работа имало 21 предмет, од кои еден предмет е пренесен од претходната година, а 20 се новопримени предмети. До крајот на извештајниот период завршени се 19 предмети, а 2 предмета се пренесени во наредната година.

#### Прекршочни предмети

Одделот за прекршочни предмети во текот на 2014 година во работа имал вкупно 3.566 предмет, од кои 53 предмети се пренесени од претходната година и 3.509 новопримени предмети и 4 предмети повторно во работа, при што судот решил 2.747 новопримени предмети и 4 предмети повторно во работа, а на крајот на годината 815 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена за наредната година. Во однос на претходната година кога судот имал во работа 3.060 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 506 предмети, а намален е бројот на решени предмети, односно решени се 255 предмети помалку од претходната година, што се должи на зголемениот прилив.

#### Квалитет на работење во кривичниот оддел

Во извештајната година предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 202 одлуки

на Апелациониот суд Скопје, што претставува 3,47% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, 137 биле потврдени, (што претставува 67,82% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, односно 2,36% од вкупно решени предмети) 24 одлуки биле укинати, (што претставува 11,88% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,41% од вкупно решените предмети) и 4 одлуки се преиначени, (што претставува 1,98% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,07% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 37 одлуки е отфрлен (што претставува 18,32% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек или 0,64% од вкупно решените предмети) и решени на друг начин е 1 одлука или 0,50 % од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

**Граѓански оддел**

**Граѓански предмети**

Во текот на 2014 година судот имал во работа вкупно 9.117 граѓански предмети од кои 2.117 предмети се пренесени како нерешени од претходната 2013 година, 6.962 предмети се новопримени и 38 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 6.522 новопримени и 41 предмет повторно во работа , така да на крајот на годината останале нерешени 2.554 предмети, кои се пренесуваат за наредната година. Во однос на претходната година, кога во овој оддел во работа имало вкупно 8.347 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 770 предмети. Притоа, приливот во извештајната година е зголемен за 687 предмети во однос на претходната година, кога биле примени 6.313 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е зголемен за 334 предмети во однос на претходната година, при што не е совладан приливот.

**Трговски спорови**

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2014 година, во работа имал вкупно 4.294 предмети, од кои 1.075 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, 3.189 предмети се новопримени и 30 предмети повторно во работа , при што судот решил 2.591 новопримен предмет и 27 предмети повторно во работа, така што на крајот на годината останале 1.676 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година. Во однос на претходната година, кога судот имал во работа 3.688 од овој вид на предмети, во извештајната година обемот на работата е зголемен за 606 предмети. Приливот на предмети во извештајната година е зголемен за 491 предмет во однос на претходната година. Бројот на решени предмети по трговски спорови е зголемен за 8 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.610 предмети. На крајот на извештајната година останале 1.676 нерешени предмети, па бројот на нерешени трговски предмети е зголемен за 598 предмети во однос на претходната година, а приливот не е совладан.

**Работни спорови**

Во текот на 2014 година судот имал вкупно во работа 1.684 предмети, од кои 163 предмети биле пренесени од претходната година, а 1.490 предмети се новопримени и 31 предмет повторно во работа, при што судот решил вкупно 888 новопримен предмет и 21 предмет повторно во работа, а на крајот на

годината останале нерешени 775 предмети кои се пренесуваат за наредната година, при што приливот не е совладан.

## Квалитет на работење во граѓанскиот оддел

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 1.035 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 10,23% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 622 биле потврдени,(што претставува 60,10% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 6,15% од вкупно решените предмети) 110 одлуки биле укинати (што претставува 10,63% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,09% од вкупно решени предмети) и 72 одлуки биле преиначени (што претставува 6,96% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,71% од вкупно решените предмети). Изјавениот правен лек кај 231 одлука е отфрлен (односно 22,32% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 2.28% од вкупно решените предмети) и решена на друг начин е една одлука ( 0.10% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек).

## РАЗНИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на извештајната 2014 година, судот постапувал и по друг вид предмети и тоа: 24 предмети од "Р" уписник – разни граѓански предмети, примени во текот на извештајната година, при што 23 се завршени во извештајниот период, а еден е како нерешен пренесен во наредниот период; 792 предмети од "КСЖ" уписник – предмети по жалба против решение на основни судови, од кои 20 се пренесени од претходната година, новопримени се 772 предмети, а завршени се 766 предмети, така да останале незавршени 26 предмети на крајот на годината; 74 предмети од "КР" уписник – разни кривични предмети, од кои 1 предмет е пренесен од претходната година, примени во извештајната година се 73 предмети, а решени се 69 предмети, така да останале незавршени 5 предмети на крајот на годината.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2014 година, судот имал вкупно во работа 4.441 од овој вид предмети, од кои 2.311 ГЖ предмети, 1.517 ТСЖ предмети, 395 РОЖ предмети, 98 КЖ предмети, 11 КОКЖ предмети, 1 КСЖ предмет, 105 ПРКЖ предмети и 3 предмети од СУ уписниците. Во извештајната година, завршени се 3.002 предмети, а останале незавршени 1.439 предмети.

## ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Апелациониот суд Скопје во 2014 година вкупно имал во работа 22.203 предмети, од кои 3.621 предмет се пренесени од 2013 година, 18.462 новопримени предмети и 120 предмети пвторно во работа. Обемот на работа во оваа извештајна година во однос на претходната година е зголемен за 2.116 предмети, што се должи на зголемениот прилив на нови предмети. Имено, во извештајната година приливот на нови предмети е зголемен за 2.301 предмет во однос на претходната година.

Во текот на годината од вкупниот број предмети во работа, решени се 15.822 новопримени предмети и 108 од предметите повторно земени во работа, односно 531 предмет помалку во однос на претходната година. Се констатира

дека останале нерешени 6.273 предмети, што претставува зголемување на заостатокот за 2.647 предмети во однос на претходната година, што се должи на непополнетиот број на судиски места, на стручните судски службеници и судските референти, како и зголемениот обем на работа.

Во текот на извештајната година, поаѓајќи од бројот на решени предмети и просечниот број на судии кои постапувале по истите, 45 судии, произлегува дека месечно секој судија во просек решавал по 33 предмети, од што може да се заклучи засилен ангажман на носителите на судиската функција.

Поаѓајќи од вкупниот бројот на решени предмети и бројот на судии кои ја извршуваат судиската функција во овој суд со состојба на 31.12.2014 година, 42 судии во кои е вклучен и ВД Претседателот на судот, произлегува дека заостатокот може да се реши за период од 4,5 месеци, што значи дека во однос на својата ефикасност и ажурност за решавање на наведениот заостаток, судот се смета за ефикасен суд.

Заради негово поефикасно и поажурно работење, за подобрување на состојбата со стари предмети, а особено за постапување по предметите во разумен рок, неопходно е пополнување на бројот на носители на судиската функција согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија за зголемување на бројот на судии во Апелациониот суд Скопје од 05.07.2012 година. Воедно, потребно е судот да се доекипира со непополнетиот стручен судски кадар, со оглед да во извештајната година судот работи со малку над 50 проценти од стручните судски службеници предвидени со систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, како и пополнување на испразнетите работни места на судските референти-дактилографи.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во извештајниот период, од претходната година биле пренесени 532 предмети, новопримени предмети во 2014 по сите основи се 6087, или вкупно во работа биле 6.619 предмети. Вкупно решени предмети во 2013 година се 6159 предмети, што преставува 93,81 % од вкупниот број предмети во работа, а 460 од предметите во работа останале нерешени. Споредбено, бројот на примени 6087 со бројот на решени 6159 предмети, укажува дека приливот е совладан, а нерешени останале 460 предмети.

**Судска управа**

Во текот на извештајната 2014 година, новопримени се 784 предмети од кои 783 предмети се решени, а останал 1 незавршен предмет.

### 2. Работа на ниво на Оддел и квалитет во работа

### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во кривичниот оддел согласно распоредот за работа на судиите во Апелациониот суд Гостивар за 2014 година, постапувале два кривични совети

кои решавале предмети од уписникот „КЖ“ и „ПРКЖ“, „КЖМ“, совет согласно Законот за малолетничка правда и посебен совет кој постапувал исклучиво по кривичните предмети заведени во уписникот „КСЖ“ и „КР“, како и кривичен совет од петмина судии за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од 15 години или казна доживотен затвор.

Кривичниот оддел во извештајниот период вкупно во работа имал 3.304 предмет од кои 69 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 3.235 предмети се новопримени. Од вкупниот број предмети во работа судот решил 3.217 предмети, а останале нерешени 87 предмети. Во извештајната година приливот е намален за 627 предмети.

Од предметите во работа:

Во „КЖ“ уписникот за второстепени кривични предмети заведени се 651 предмет од кои 49 од претходната година. Бројот на решени предмети е 594, а на крајот на годината останале нерешени 57 предмети. Во „КЖМ“ уписникот за второстепени кривични предмети во постапка против малолетници во работа имало 10 предмети и сите се решени.Во „КСЖ“ уписникот за второстепен кривичен совет заведени се 175 нови предмети, во работа биле вкупно 176, од кои 1 останал нерешен. Во „ПРКЖ“ уписникот за второстепени прекршочни предмети заведени се 2.448 предмети, во работа вкупно биле 2.467 од кои решени се 2.348, а 29 предмети останале нерешени.

**ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

Во граѓанскиот оддел согласно распоредот постапувале два совета кои во работа имале вкупно 3315 предмети, од кои решени се 2942. „ГЖ“, биле 2.034 предмети, од кои пренесени се 255, а новопримени 1779, а решени се 1851, со кое приливот е совладан нерешени останале 183 предмети.

“ТСЖ” биле 556 предмети од кои пренесени биле 97, а решени се 460, додека 96 предмети останале нерешени.

“РОЖ” биле 725 предмети, од кои пренесени биле 111, а решени се 631, додека 94 предмети останале нерешени.

**Квалитет на работење на ниво на суд**

Во текот на извештајниот период од доставените 314 вонредни правни лекови до Врховниот суд на Република македонија, 162 одлуки се потврдени или 51,59%, 12 одлуки се преиначени или 3,82%, 39 одлуки се укинати или 12,42% и кај 101 одлука вонредниот правен лек е отфрлен или во 32,17%.

По оддели, во Кривичниот оддел од 95 предмети, вратени предмети од Врховниот суд на Република Македонија се 71 во кои 39 одлуки се потврдени или 54,92%, 16 одлуки се укинати или 22,54% и кај 16 предмети вонредниот правен лек е отфрлен или во 22,54% од случаите.

Во Граѓанскиот оддел од вкупно 243 пратени во Врховниот суд на Република Македонија, вратени се 195 од кои во 123 одлуки се потврдени или 50,62%, 12 се преиначени или 4,94%, 23 се укинати или 9,46% и во 85 случаи или 34,98% вонредниот правен лек е отфрлен.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Заостатокот на предмети на крајот на 2013 година, изнесувал вкупно 532 предмети, а во 2014 година 460 предмети и бележи намалување од 72 предмети, а само 1 предмет се смета за стар.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Заклучните согледувања з аминатиот извештаен период и предлог мерките кои судот ги презел во извештарниот период, дале евидентен резултат.

Потребно е во континуитет да се продолжи со активностите во имплементација на АКМИС-от, практикувањето на тонското снимање, електронската достава и останатите новели од процесните закони и Судскиот деловник.

Според бројот на судии, заостатокот од предмети на крајот на извештајниот период, покажува дека на секој судија му останале по 32 предмети. Имено, судот извештајниот период го завршил со 461 нерешен предмет, по сите основи, го совладал приливот, а заостатокот претставува нешто повеќе од едномесечна работа, значи дека судот е апсолутно ефикасен.

По однос на квалитетот во работа, искажаните податоци задоволуваат по сите основи, но квалитетот на работењето мора да биде постојано опсервиран и навремено да се превземаат мерки за подобрување, особено преку податоците за судска пракса, изразените правни мислења и напатствија на Врховниот суд на Република Македонија, праксата на Европскиот суд за човекови права и примената на Европската конвенција за заштита на човековите права.

За евидентираните стари предмети, соодветно на заклучните согледувања од изминатите извештајни периоди, Судот е должен да врши анализа и да проектира активности за себе и за судовите од Апелационото подрачје, со цел доследно да се применува начелото на ефикасност и да се спречи секаков вид на злоупотреба на дејствијата на странките, акои иако се дозволени со закон, ја одолговлекуваат постапката.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

## I.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ – ОБЕМ НА РАБОТА

Во 2014 година во Апелациониот суд Битола од предвидените 27 судиски места заедно со Претседателот на судот, постапувале 24 судии заедно со Претседателот, а на 1 судија и понатаму му мирува местото, бидејќи е избран за член на СС на РМ, а еден се пензионирал. Има 53 судски службеници и 5 други вработени.

Во Апелациониот суд Битола од 2013 година останале нерешени **724** предмети. Во текот на 2014 година по сите видови биле примени **7542** предмети, вкупно во работа биле **8263** предмети, од кои се решени **7782**

предмети, а останале нерешени **481** предмети, а погрешно заведени биле **3** предмети.

**-Квалитет на ниво на суд**

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховен суд на РМ во текот на 2014 година **потврдени** се вкупно **264** предмети или 78,18%,**укинати** се **50** предмети или 14,79%, **преиначени** се **21** предмет или 7,10%, отфрлени се **171** предмет.

**-Судска управа:**

Во 2014 година биле примени 893 предмети, со што вкупно во работа имало 893 предмети и сите биле решени до крајот на извештајната година.

## А.ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

**1.Второстепени граѓански предмети – "ГЖ"**

Од 2013 година останале нерешени **420** предмети. Во текот на 2014 година биле примени **3203** предмети (еден погрешно заведен) или вкупно во работа биле **3622** предмети, од кои решени се **3493** предмети, а останале нерешени **129** предмети. Во 2014 година совладан е приливот, а заостатокот е намален за **291** предмети.

**2.Работни спорови – "РОЖ"**

Од 2013 година останале нерешени **32** предмет. Во текот на 2014 година биле примени нови **848** предмети, или вкупно во работа биле **880** предмети. Решени се **747** предмети, а останале нерешени **133** предмети. Во 2014 година приливот не е совладан за **101** предмети, и останале незавршени **133** предмети.

**3.Стопански спорови – "ТСЖ"**

Од 2013 година останале нерешени **101** предмети, со новопримените **927** предмети, во 2014 година вкупно во работа биле **1.027** предмети, од кои биле решени **997** предмети, а останале нерешени **30** предмети. Во 2014 година, приливот е совладан и заостатокот намален за **70** предмети.

## КВАЛИТЕТ ВО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Според податоците за вратени предмети од Врховниот суд на РМ потврдени се вкупно **222** предмети или 76,82%,укинати се **43** предмети или 14,88%, а преиначени се **24** предмети или 8,30%, а отфлени се **164** предмети.

## Б. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

**1. Кривични предмети во втор степен – "КЖ"**

Од 2013 година останале нерешени **155** предмет. Во текот на 2014 година биле примени нови **887** предмети,(еден погрешно заведен) или вкупно

во работа биле **1.041** предмети, од кои се решени **906** предмети, а останале нерешени **135** предмети. Во 2014 приливот е совладан за **19** предмети

**2.Кривични предмети против малолетни лица – "КЖМ"**

Во текот на 2014 година биле примени **4** предмети кои се решени.

**3.Прекршочни предмети во втор степен – "ПРКЖ"**

Во почетокот на 2014 година имало остаток на нерешени **11** предмети. Во текот на 2014 година биле примени нови **1.431** предмети, или вкупно во работа биле **1.442** предмети, од кои биле решени **1.392** предмети, а останале нерешени **50** предмети. Во 2014 приливот не е совладан за **39** предмети.

**4.Кривични предмети од совет – "КСЖ"**

Од 2013 година останал нерешени **4** предмети, а во текот на 2014 година биле примени **201** предмети или вкупно во работа биле **205**, од кои се решени **201** предмети, а останале нерешени само **4** предмети.

**КВАЛИТЕТ ВО КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ**

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховниот суд на РМ во текот на 2014 година потврдени се **42** предмети или 85,71%,укинати се **7** предмети или 14,29%,преиначени нема,а отфрлени се **5** предмети.

## II.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во 2014 година на крајот од годината останале само **4** предмети постари од 6 месеци сметано од денот на приемот во судот.

## III. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Апелациониот суд Битола според бројот на нерешените предмети кои останале на крајот на 2014 година, бројот на судиите кои постапувале по предмети, месечно решените предмети во просек по судија, укажува на околноста дека истиот може да се третира како **АПСОЛУТНО ЕФИКАСЕН СУД.**

## IV. ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Во 2015 година да се пополнат сите испразнети места од стручниот кадар и административно-техничкиот персонал согласно новата систематизација.

Учество на ВЈО и ОЈО во трошоците за одржување на зградата на судот или нивна дислокација.

Дополнување со компјутерска опрема, набавка на инвентар и обезбедување средства за реализирање на планираните јавни набавки.

Интензивирање на соработката со Врховниот суд на Република Македонија и следење и остварување на планот за решавање на стари нерешени предмети во текот на 2015 година кај основните судови, а по барање

на судиите од основните судови да се остваруваат што поголем број на работни средби за укажување на секаква помош.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во 2014 година во судот останале вкупно 109 нерешени предмети од претходната година. Новопримени се 4.547 предмет или вкупно во работа се 4.656 предмети, решени се 4.565 предмети, останал нерешен 91 предмет.

### 2. Предмети од судската управа

Во 2014 година во судот останале 4 стари нерешени предмети од претходната година. Новопримени се 1.491 предмети или вкупно во работа се 1.495 предмети, решени 1.495 предмети, не останал нерешен ниту еден предмет.

### 3.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ

Не е доставен посебен податок за решени предмети по оддели туку е доставен туку е доставен сумарен преглед за движењето на предметите за секој судија одделно.

### 4. КВАЛИТЕТ ПРИ РЕШАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ.

Вкупно вратени предмети од ВПЛ. 55 предмети од кои потврдени ВППП предмети 45 или 82%, преиначени ВППП предмети нема, укинати ВППП предмети се 6 или 11%, БЗЗ предмети потврдени нема, БЗЗ преиначени предмети се 2 или 3,50% и БЗЗ укинати предмети се 2 или 3,50%.

### 5. КВАЛИТЕТ ПРИ РЕШАВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД ГРАЃАНСКИОТ ОДДЕЛ ЗА ГЖ. ТСЖ и РОЖ.

Вкупно вратени предмети по Ревизија 194, од кои потврдени се 115 или 60%, преиначени 12 или 6%, укинати 20 или 10% и отфрлени ревизии 47 или 24%.

### 6. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајот на Апелациониот суд Штип, немаме податок за состојбата со старите нерешени предмети.

### 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА.

Апелациониот суд во Штип во 2014 година е апсолутно **ефикасен суд**, ако се има во предвид дека заостатокот на нерешен 91 предмет, кој може да го реши за помалку од 3 месеци.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ

## I) 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Основен суд Скопје I Скопје вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува **50.408** предмети. Вкупниот број на новопримени предмети изнесува **69.158** предмети. Вкупно во работа има **119.566** предмети. Вкупниот број на решени предмети изнесува **75.906** предмети, со што како нерешени предмети останале **43.660** предмети.

**Судска управа**

Во 2014 година, новопримени предмети од судска управа биле 4714, од нив постапено е по 4541, а останале 173 предмети.

## 2. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ

**2.1.Обем на работа за предмети опфатени со ориентациона норма**

**а) 1. ОДДЕЛ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ (КОК)**

- ***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале и тоа:

-Организиран криминал **КОК** - **93** предмети;
-Кривичен совет организиран криминал - **72** предмети;
-Истрага организиран криминал и претходна постапка (**КИОК и КОК-ООА**) - **38** предмети;
-Разни истражни дејствија организиран криминал - **КРИОК - нема**
-Истражни дејствија, организиран криминал и претходна постапка **(ОИДОК, КОК-ПП)** - **7** предмети, што вкупно нерешени предмети од претходната година има **210** предмети.

***Вкупен број на новопримени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа:
-Организиран криминал **КОК -110** предмети;
- Кривичен совет организиран криминал - **1525** предмети;
- Истрага организиран криминал и претходна постапка (**КИОК и КОК-ООА**) **37** предмети;
- Разни истражни дејствија организиран криминал - **КРИОК 1** предмет;
- Истражни дејствија, организиран криминал и претходна постапка (**ОИДОК, КОК-ПП**) - **509** предмети, што вкупно новопримени предмети има **2.182** предмети.

- ***Вкупен број во работа:***

Во Основен суд Скопје I Скопје вкупно предмети во работа има и тоа:
-Кривично организиран криминал КОК- **203** предмети;
-Кривичен совет организиран криминал - **1597** предмети;
-Истрага организиран криминал и претходна постапка (**КИОК и КОК-ООА**) - **75** предмети;
- Разни истражни дејствија организиран криминал - **КРИОК -1** предмет;
- Истражни дејствија, организиран криминал и претходна постапка (**ОИДОК, КОК-ПП**)- **516** предмети, што вкупно во работа има **2.392** предмети.

***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети изнесува и тоа:
-Кривично организиран криминал **КОК** - **109** предмети;
- Кривичен совет организиран криминал - **1.537** предмети;
- Истрага организиран криминал и претходна постапка (**КИОК и КОК-ООА**) -**72 предмети**;
- Разни истражни дејствија организиран криминал - **КРИОК** - **1** предмет;
- Истражни дејствија, организиран криминал и претходна постапка (**ОИДОК, КОК-ПП**)- **487** предмети**,** што вкупно решени има **2.206** предмети.

***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале и тоа:
-Кривично организиран криминал КОК **94** предмети;
-Кривичен совет организиран криминал **60** предмети;
-Истрага организиран криминал и претходна постапка (**КИОК и КОК-ООА**) - **3 предмети**;
-Разни истражни дејствија организиран криминал **КРИОК** - **нема**;
-Истражни дејствија, организиран криминал и претходна постапка (**ОИДОК, КОК-ПП**)- **29** предмети, што вкупно незавршени предмети има **186** предмети.

**б)2. Кривичен совет-организиран криминал**

***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале **72** предмети.

**Новопримени предмети:**

Како новопримени предмети се **1525** предмети.

- **Вкупен број предмети во работа:**

Вкупен број предмети во работа - **1597** предмети .

**Вкупно решени предмети:**

Вкупно решени предмети се **1537** предмети.

- **Колку предмети останале незавршени:**

Како незавршени останале **60** предмети.

## 1.1. КВАЛИТЕТ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ

Од вкупниот број на решени предмети во текот на 2014 година – 109 предмети, **101** предмети се решени со пресуда, а **8** предмети се решени на друг начин. Од извештајниот период од вкупниот број на решени предмети, обжалени се **62** предмети или **56,88%** од кои **55** предмети се потврдени или **88,71%, 2** предмети се укинати или **3,23%,** а преиначени се 6 предмети или **9,68%.**

Во кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција од вкупниот број на завршени предмети, обжалени се вкупно **177** предмети или **11,43%,** од кои потврдени се **170** предмети или **96,05**, а преправени се **7** предмети или **3,95%.**

а) 1.КРИВИЧЕН ОДДЕЛ ПОЛНОЛЕТНИ (К, К- ООА)

***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале **2890** предмети, а како новопримени предмети се **4.031**.

**Вкупен број предмети во работа:**

Вкупен број предмети во работа - **6921** предмети .

**Завршени предмети:**

Завршени вкупно **4.561** предмети .

**Колку предмети останале незавршени:**

Како незавршени останале **2360** предмети.

- **Завршени предмети со пресуда и на друг начин:**

Од вкупниот број на завршени предмети, **3.869** завршени се со пресуда, а на друг начин **692** предмети.

Посебно треба да се истакне дека, во овој Оддел во текот на извештајната година - 2014 година, во која паралелно се работело и по новиот ЗКП, примени се **82** предмети за оцена на обвинителниот акт, Судот завршил **76** предмети, а неоценети кои се префрлаат за 2015 година останале **6** предмети. Овие предмети се испитуваат само по жалба на јавниот обвинител кога обвинителниот акт е оценет како неоснован, при што со жалба до советот на повисокиот суд со оглед на малиот број на вакви предмети истите се влезени во квалитетот на одлуките по жалба.

**1.1.КВАЛИТЕТ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ ПОЛНОЛЕТНИ**

Од вкупно решени предмети **4561** предмети во текот на 2014 година, предмет на преоценка од страна на Апелациониот суд Скопје по повод изјавени правни лекови биле **999** предмети, при што претставува **21,90%** на обжалени одлуки во рамките на календарска година.Од вкупниот број на **999** обжалени одлуки **673** одлуки се потврдени, односно **67,37%,** од вкупниот број на предмети против кои е изјавен правен лек, **10** одлуки се делумно укинати, односно **1,00%,** а **186** одлуки се укинати односно **18,62%**, **130** одлуки се преиначени или **13,01%,** со напомена дека одлуките се преиначени само во поглед на висината на изречените кривични санкции од ист вид, кои кривични санкции се изречени во рамките на предвидената казна согласно Кривичниот законик. Во контекст на наведеното, одлуките се со квалитет на потврдени во процент од **67,37%.**

**1.2. КВАЛИТЕТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО КРИВИЧЕН СОВЕТ во рамките на Кривичниот оддел полнолетни**

Квалитетот на решени предмети во кривичниот совет е со висок процент на потврдени одлуки, односно од вкупниот број на решени **3.609** предмети, односно обжалени одлуки – **255** или **7,07%** на кривичниот совет **93,73%** или **239** предмети се потврдени, **3.92%** или **10** предмети се укинати и преправени се **2,35%** или **6** предмети .

**в) 1. КРИВИЧНО МАЛОЛЕТНИЧКИ ОДДЕЛ - КМ)**

***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале и тоа:

-Кривично малолетнички **134** предмети;

- ***Вкупен број на новопримени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа **227** предмети

***Вкупен број во работа:***

Вкупно предмети во работа има и тоа **361** предмети.

***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети изнесува и тоа **246** предмети.

***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале и тоа **115** предмети.

**г) 1. ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ**

**1. 1. Истраги проширена надлежност и претходна постапка (КИ, КИ1)**

***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале - **855** предмети

- ***Вкупен број на новопримени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа – **109** предмети.

- ***Вкупен број во работа:***

Вкупно предмети во работа има - **964** предмети

- **Вкупен број на решени предмети:**

Вкупниот број на решени предмети изнесува и тоа – **879** предмети.

- ***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале и тоа **85** предмети.

**1. 2. Истражни дејствија и претходна постапка (ОИД, К- ПП)**

- ***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале - **4841** предмети.

- ***Вкупен број на новопримени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа – **996** предмети.

- ***Вкупен број во работа:***

Вкупно предмети во работа има – **5837** предмети

- ***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа – **5808** предмети.

- ***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале и тоа **29** предмети.

**1. 3. Истрага организиран криминал и претходна постапка (КИОК и КОК - ООА)**

- Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:

Како нерешени предмети од претходната година останале - **38** предмети

- ***Вкупен број на новопримени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа – **37** предмети.

- ***Вкупен број во работа:***

Вкупно предмети во работа има - **75** предмети

- ***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети изнесува и тоа – **72** предмети.

- ***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале и тоа **3** предмети.

**1. 4. Истражни дејствија, организиран криминал и претходна постапка (ОИДОК, КОК-ПП)**

- ***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале **- 7** предмети

- ***Вкупен број на новопримени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа – **509** предмети.

- ***Вкупен број во работа:***

Вкупно предмети во работа има – **516** предмети

- ***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети изнесува и тоа – **487** предмети.

- ***Колку предмети останале незавршени:***

Како незавршени предмети во судот останале и тоа **29** предмети.

1. 5. Разни истражни дејствија, организиран криминал - КРИОК

- ***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година – **нема**

- ***Вкупен број на новопримени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа – **1** предмет.

- ***Вкупен број во работа:***

Вкупно предмети во работа има - **1** предмет

- ***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети изнесува и тоа – **1**предмет.

- ***Колку предмети останале незавршени:***

Нема незавршени предмети во судот.

**д) ПРЕКРШОЧЕН ОДДЕЛ**

- ***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале и тоа:

**1.1. Прекршочни** (**ПРК,-С, ПРК-Ј, ПРК-О,ПРК-М**) – **25.756** предмети.

- ***Вкупен број на новопримени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа **20831** предмети.

- ***Вкупен број во работа:***

Вкупно предмети во работа има **46.587** предмети.

- ***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети изнесува и тоа **18.326** предмети.

- ***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале и тоа **28.261** предмети.

**ѓ) ОДДЕЛ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ (КУИКП, КУИКМ,ИПРК, ИПК, ПК, ИСАМ- Д, ИСАМ-ВМ, ИОИП-МБ)**

- ***Вкупен број на незавршени предмети од претходната година:***

Како нерешени предмети од претходната година останале **14.239** предмети.

- ***Вкупен број на новопримени предмети:***

Вкупниот број на новопримени предмети изнесува и тоа **22.867** предмети

- ***Вкупен број во работа:***

Вкупно предмети во работа има и тоа **37.076** предмети.

- ***Вкупен број на решени предмети:***

Вкупниот број на решени предмети изнесува и тоа **25129** предмети.

- . ***Вкупен број на незавршени предмети :***

Како нерешени предмети останале и тоа **11.947** предмети.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

По однос на ефикасноста на Основниот суд Скопје I Скопје може да се констатира дека овој суд е релативно ефикасен суд .

Имено, од вкупниот број 104.613 предмети во работа за 10,5 месеци, произлегува дека 9963 предмети се земени месечно во работа.

Од вкупно 61.052 предмети кои се решени за 10,5 месеци произлегува дека за еден месец се решавале по 5.814 предмети.

Ако од вкупниот број 104.613 предмети земени во работа се одземат 61.052 решени предмети, произлегува дека останале нерешени предмети 43.561 предмети.

Имајќи го во предвид наведеното, за да се решат преостанатиот дел од 43.561 нерешени предмети потребни се 7,4 месеци. Оттука, произлегува дека Основниот суд Скопје I Скопје е релативно ефикасен суд и покрај постоење на одредени околности и потешкотии кои што влијаат на ефикасноста на судот а тоа се: недоволната кадровска екипираност во текот на 2014 година по разни основи. Така, на двајца судии им мирува судиската функција поради погоре наведените причини, а на 4 судии им престанала судиската функција поради исполнување на старосна пензија. Еден судија е разрешен со Одлука на Судски совет на РМ од 08.07.2014 година, а во текот на 2014 година со решение на Судски совет на РМ од 09.10.2014 година, времено се оддалечени од вршење на судиската функција од Одделот за прекршоци 9 судии, а со одлука на Судски совет на РМ од 28.10.2014 година времено се упатени да ја вршат судиската функција 7 судии од 03.11.2014 година а најдолго до 1 година.Од друга пак страна на ефикасноста на судот влијае и недоволниот број на судски службеници во изминатата 2014 година, како и недостатокот на судски референти – дактилографи и виши судски референти – административни работници во судската писарница, при што се јавуваат потешкотии во работењето на судот, а кое нешто не само што влијае на ефикасноста на работењето на судот туку бара и дополнителна ангажираност на постојните судии.

Според дадените податоци од страна на Основниот суд Скопје I Скопје, произлегува дека квалитетот на решавањето на предметите е многу добар во Кривичен Оддел-Полнолетни и во Одделот за организиран криминал, а истиот резултира по извршената оценка на показателите по однос на бројот на обжалените одлуки, бројот на потврдените одлуки, укинатите и преиначените одлуки. Додека пак квалитетот на решавањето на предметите во кривичниот совет е со висок процент на потврдени одлуки.

Основниот суд Скопје I Скопје има активна и интензивна соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, државни органи и институции, како и меѓународни организации.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Врз база на сето погоре изложено, се очекува дека со доекипираност на судот со судии, администрација, со изградба на новата судска зграда со која Основниот суд Скопје I Скопје би добил современи судници, судски кабинети и доволен број на простории за судската администрација и современа информатичка технологија, во иднина судот ќе биде уште поефикасен, поквалитетен и ќе се постапува во разумен рок, притоа почитувајќи го и начелото на владеење на правото.

Во иднина судот за да биде поефикасен и поквалитетен, активноста ќе треба да ја фокусира во уште подобро организирање на сите ресурси, целосно ангажирање како од судиите така и од целокупната судска администрација и службеници што ќе доведе до зајакнување на довербата во судот и судскиот систем, посебно ако се има во предвид дека станува збор за единствен кривичен суд кој постапува по кривични дела од организиран криминал и корупција како и други сложени кривични дела кои се постојано под опсервација на стручната и пошироката јавност.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

**Предметно работење на ниво на суд.**

Вкупен број на незавршени предмети од претходната година се 36.479. Ново примени предмети се 42.028, вкупен број на предмети во работа се 78.507. Од вкупниот број на предмети во работа завршени се 62.804 предмети, останале нерешени 15.703 предмети.

**1. Судска управа**

Предмети од судска управа останале нерешени од претходната година 8, новопримени 5.494, вкупно предмети во работа во текот на 2014 година 5.502, решени предмети 5.464, останале нерешени 38 предмети.

**Доверливи предмети од Судска управа.**

Нерешени предмети од претходната година нема, примени 16, сите се решени.

**2. Работа по Оддели и квалитет во работата.**

Нерешени премети на крајот на 2014 година во најголем број се платни налози по приговор – 5.362, облигациони спорови 1.978, парнични-Мала вредност 1885, имотни спорови 1.480, вонпарнични предмети ВПП 1067, трговски спорови 929, семејни спорови 710, работни спорови 517, стечај 597, разни парнични предмети 247.

**3. Квалитет во работата**

Од вкупно решените 62.804 предмети жалба до повисокиот суд е изјавена против 8.107 одлуки, што претставува 12,91 % од вкупниот број на

одлуки кои биле донесени во 2014 година, а останале необжалени 54.697, односно 87,09 % од вкупен број на одлуки кои биле донесени во 2014 година.

**4.Состојба со стари предмети**

Нерешени стари предмети на крајот на 2013 година се 10.580, новопримени стари предмети во 2014 се 3.192, вкупно во работа стари предмети 13.772, решени, решени стари предмети 11.686, останале нерешени стари предмети 2.086.

**5. Заклучни согледувања**

Во извештајната година судот персонално целосно не бил екипиран, така да ограничените кадровски ресурси имале неповолно влијаеле судот поуспешно да ги извршува своите функции и надлежности утврдени со Уставот и законите. Судот се судирал со материјално финансиски проблеми, во реализација на обезбедување средства за инвестициони активности со ставка за одржување на судската зграда, кои се од најитен карактер. Постои проблем при обезбедување на потребни средства за нивна реализација. Судот има поголеми потреби од материјали, одржување и услуги кои се многу поголеми од одобрените средства. Работел ангажирано и ефикасно, при што е совладан приливот за 2014 година.

**6. Оценка за ефикасност на судот**

Основниот суд Скопје II Скопје има заостаток од 15.703 предмети, кој заостаток може да биде решен за 2,6 месеци, па овој спаѓа во апсолутно ефикасен суд.

## ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

Основниот суд Велес на почетокот од 2014 година има остаток од 2903 предмети. Во текот на 2014 година судот примил 15161, погрешно заведени биле 20 предмети, со што вкупно во работа имал 18044 предмети. Решил вкупно 15593 предмети. Вкупно нерешени на крајот на годината останале 2491.

Од претходната година нема заостаток на нерешени предмети од судската управа. Новопримени се 249 предмети и сите се решени.

Од вкупно решените 7.565 предмети, потврдени се 1.003 предмети или 13,26%, укинати се 211 предмети или 2,79% и преиначени 98 предмети или 1,3%.

Од вкупно решените предмети, потврдени се 358 кривични предмети односно 6,95%, укинати се 125 предмети односно 2,43% и преиначени се 68 предмети односно 1,32%.

Од вкупно решените 2.417 предмети, потврдени се 645 граѓански предмети односно 26,69%, укинати се 86 предмети односно 3,56% и преиначени се 30 предмети односно 1,24%.

Во **кривичниот оддел** останале нерешени вкупно 123 предмети, новопримени се вкупно 147 предмети, вкупно во работа биле 270, решени се 193 предмети, а останале нерешени 77 предмети.

Во **граѓанскиот оддел** имало останати нерешени 60 предмети, новопримени се вкупно 90 предмети, вкупно во работа биле 150 предмети, решени 107, останале нерешени 43 предмети, или вкупно на ниво на суд 120 нерешени предмети.

Основниот суд Велес спаѓа во редот на основните судови со проширена судска надлежност. Во текот на 2014 година судот нема забелешки на просторните и техничките услови во кои судиите и останатиот персонал работат. Судот работел со 18 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот. Персонално судот е екипиран.

Основниот суд Велес е апсолутно ефикасен суд, бидејќи заостатокот на предметите судиите можат да го завршат во време од 1,6 месеци.

## ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во текот на 2014 година во овој суд вкупно во работа имало 10.200 предмети по сите основи, од кои 629 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 9571 предмети се новопримени.

Во текот на извештајната година, решени се вкупно 9450 предмети, а останале нерешени 750 предмети Во 2014 година годишниот прилив не е совладан за 121 предмети.

### 2. Судска управа

Новопримени во 2014 година биле 1080 предмети, со што вкупно во работа имало 1080 предмети и сите биле решени на крајот на извештајната година.

### 3. Работа по оддели и квалитет во работата

#### Кривичен оддел

Во текот на 2014 година во овој оддел вкупно во работа имало 7.972 предмети, од кои 316 предмети се пренесени од претходната година , а новопримени 7656 предмети. Споредбено со 2013 година, обемот на работа е зголемен за 2.534 предмети, а бројот на новопримени предмети е зголемен за 2612 предмети.

Од вкупниот број на предмети во работа, решени се 7.700 предмети или 96,6 %, останале нерешени 272 предмети или 3,4 %. Ова значи дека во овој оддел наполно е совладан годишниот прилив на предмети и е решено 44 предмети повеќе од приливот.

**Кривични полнолетни предмети**

Во 2014 година во работа имало 752 предмети од кои 32 предмети се пренесени од претходната година, а новопримени се 720 предмети. Споредбено со 2013 година бројот на новопримени предмети е зголемен за 387 предмети. Решени се 721 предмет или 95,88 %, а останале нерешени 31 предмет или 4,12 %, што наполно е совладан приливот и решен е 1 предмет повеќе од приливот.

**Граѓански оддел**

Во 2014 година во овој оддел вкупно во работа имало 2.228 предмети од кои 313 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а новопримени се 1915 предмети. Решени се 1.750 предмети или 78,55 %, а останале нерешени 478 предмети или 21,45 %. Во 2014 година обемот на работа во овој оддел е намален за 1.216 предмети. Во споредба со 2013 година намален е приливот за 1.176 предмети. Приливот на предмети не е совладан за 165 предмети.

**Граѓански парници**

Во 2014 година во работа имало вкупно 523 граѓански парници од кои 118 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а новопримени се 405 предмети. Видно е дека во 2014 година намален е бројот на вкупно предмети во работа за 180 предмети, а пак бројот на новопримени предмети е намален за 170 предмети. Решени се 413 предмети или 79 %, останале нерешени 110 предмети или 21 %, со што е совладан приливот и решени се 8 предмети повеќе од приливот.

**4. Состојба со стари предмети.**

Во 2014 година, вкупно во работа имало 92 стари предмети, од кои 31 предмет се пренесени како нерешени од претходниот период , новопримени се 61 предмет, решени се 62 предмети или 67,40 %, а останале нерешени 30 предмети или 32,60 %. Според структурната анализа на старите предмети 60 се граѓански, а 29 се кривични предмети.

**Квалитет на пресудување**

На ниво на суд, од вкупно решените со право на жалба 4.498 предмети, обжалени се 471 предмет (10,47 %), од кои потврдени се 342 предмети (72,61%), укинати се 91 предмети (19,32%), преправени се 30 предмети (6,36 %), 7 предмети се отфрлени (1,48%), и делумно потврдени – укинати се 1 предмет (0,21%).

Во кривичниот оддел од вкупно решени 721 предмет, обжалени се 96 опредмети (13,31%) од кои потврдени се 69 предмети (71,88 %), укинати се 20 предмети (20,83%) и преправени се 7 предмети (7,29%). Од вкупно решените 2.850 прекршочни предмети, обжалени се 187 предмети (6,56 %) од кои потврдени се 132 предмети (70,58%), укинати се 35 предмети (18,71 %), преправени се 15 предмети (8,02%), отфрлени се 4 предмети (2,13 %) и делумно потврдени – укинати 1 предмет (0,53%)

Во граѓански оддел во 2014 година од вкупно решени 927 граѓански предмети со право на жалба, обжалени се 188 предмети (20,28 %). Од вкупниот број на обжалени предмети, потврдени се 141 предмет (75%), укинати се 36 предмети (19,14%), преправени се 8 предмети (4,25%), 3 предмети делумно потврдени – укинати (1,59%).

**5. Заклучни констатации и согледувања**

Во извештајот на Основен суд Гевгелија за 2014 година не се дадени заклучни констатации. Основниот суд Гевгелија е апсолутно ефикасен суд, бидејќи остатокот од предмети би го решил за помалку од 1 месец. Исто така, овој суд треба да продолжи и натаму со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките, со засилен ангажман на судиите за решавање на поголем број на предмети и подобрување на квалитетот на пресудување, како и постојано стручно усовршување на судиите.

## ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

## 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Основниот суд Кавадарци на почетокот од 2014 година има остаток од 1699 предмети. Во текот на 2014 година судот примил 10736 нови предмети, погрешно заведени се 12 предмети, со што вкупно во работа имало 12423 предмети. Од нив решени се вкупно 10668 со што вкупно нерешени на крајот на извештајната година останале 1755 предмети.

## 2.СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2014 година, примени се 350 предмети за административна работа на судот по уписници од судската управа од кои 1 предмет е, погрешно заведен, а вкупно во работа имало 349 предмети и во текот на извештајната година е постапено по сите предмети.

## 3.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА.

**Работата и квалитет при одлучувањето на ниво на кривичен оддел.**

-Во кривичниот оддел од минатата година останале нерешение 739 предмети, примени се 6837, од кои погрешно се заведени 12 предмети па вкупно во работа имало 7564 предмети.

-Решени се 6817 предмети, а не се решение 747 предмети.

-Во споредба со предходната година во овој оддел вкупниот обем на работа е зголемен.Примени се 1477 предмети повеќе, а решени се 1322 предмети повеќе, -

-Годишниот прилив не е совладан за 8 предмети и за тој број е зголемен заостатокот на нерешени предмети од 2013 година.

-По вкупно решените 13 истраги и 28 предмети по уписникот за предмети во претходна постапка ,,К-ПП,, нема изјавено жалби.

-Од вкупно решените кривични предмети против полнолетни лица.

обжалени-вратени од второстепениот суд се 70 предмети или 11,92% и тоа: - - потврдени одлуки по 51 предмети или 72,86%,

-Во споредба со предходната година намален е бројот на обжалени вратени одлуки од второстепениот суд и тоа за 14 предмети, намален е и процентот на потврдени одлуки за 6.66%, намален е и процентот на укинати одлуки за 1,43%

-Од Вкупно решените прекршочни предмети обжалени-вратени од второстепениот суд се 106 предмети или 6.79%.

Второстепениот суд ги донел следните одлуки:

-Потврдени одлуки по 84 предмети или 79,25%

Во споредба со предходната година намален е бројот на обжалени-вратени одлуки од второстепениот суд за 60 предмети, а процентот на укинатите одлуки е зголемен за 3,44%

**-Работата и квалитет при одлучувањето на ниво на граѓански оддел.**

Во текот на 2014 година во граѓанскиот оддел примени се 3899 предмети, а нерешени од предходната година останале 960, така да вкупно во работа биле 4859 предмети, решени се 3851 предмет, а останале не решени 1008 предмети.

Во споредба со претходната година, примени се 677 предмети повеќе и решение се 582 предмети повеќе.Годишниот прилив не е совладан за 48 предмети и за тој број е зголемен за остатокот на предмети.

Од вкупно решените 3851 процесни предмети
-вратени од второстепениот суд се 438 предмети или 11.37% при што потврдени се одлуките по 367 предмети или 84,95%;
-укинати се одлуките по 45 предмети или 10,42%,
-преиначени се одлуките по 19 предмети или 4,40% и
-делумно укината е одлука по 1 предмет или 0,23%.

Од вкупно решените 1102 спорни процесни предмети обжалени вратени од второстепениот суд се 245 предмети или 22,23% и се донесени следните одлуки:
-Потврдени се 197 предмети или 82,08%.
-Преиначени се одлуките во 11 предмети или 22,92%
-Укинати се одлуките во 32 предмети или 13,33% и
-делумно укинати се одлуките во 5 предмети или 2,00%.

Од вкупно решениете 2749 неспорни процесни предмети обжалени вратени се 193 предмети од кои потврдени се 170 одлуки или 88,54%;
-укинати се 13 предмети или 6,77% и
-делумно укинат е 1 предмет или 0,52%, а
-преиначени се одлуките по 8 предмети или 4,17%

Во споредба со предходниот извештаен период обжалени-вратени се 15 предмети помалку , процентот на укинати предмети е намален за 3,27', а е зголемен процентот на потврдени одлуки за 8,13%.

**Состојба со стари предмети**

Извештајна 2014 година, кривичниот оддел ја завршил со 17 стари предмети, а во граѓанкиот оддел има 4 стари граѓански предмети.На почетокот на годината немало стари кривични предмети, а стари граѓански предмети имало 10, од нив решени се 6, а останале нерешени 4 предмети.

## 4. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА

Имајќи ги во предвид изнесените податоци произлегува дека Основниот суд во Кавадарци во извештајната година не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот на нерешени предмети од 2013 година, иако се решени повеќе предмети од предходната година бидејки е зголемен обемот на работа во кривичниот оддел.

Кај спорните граѓански предмети приливот е совладан во целост, а кај неспорните граѓански предмети не е совладан приливот , бидејки е зголемен приливот на овие предмети Судот 2014 година ја завршил со 253 стари предмети од кои 228 се оставински предмети кај нотарите.

Заостатокот на нерешени 1755 предмети може да се реши за 6,3 месеци што значи судот во Кавадарци е релативно ефикасен суд.

## ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

### 1.Предметно работење на ниво на Суд

Во Основниот суд Кратово од претходната 2013 година останале незавршени вкупно 169 предмети, а новопримени во текот на 2014 година биле 2016 предмети, така да вкупен број на предмети во работа во 2014 година биле 2185. Од вкупниот број предмети во работа, решени биле 2022 предмети, а останале незавршени 163 предмети, што значи дека **приливот е совладан за 6 предмети**.

Бројот на нерешени предмети во најголем дел се однесува на прекршочните предмети и тоа вкупно 45, потоа 33 парнични предмети, 9 кривични предмети (полнолетни), 24 оставински предмети (сите доверени на нотар), 39 предмети извршување на санкции и 12 разни парнични предмети.

### 2. Судска управа

Во судската управа немало нерешени предмети од претходната извештајна година, а новопримени биле 413 предмети, од кои решени биле 412 предмети, а нерешен останал еден предмет.

**3.Работа по оддели и квалитетот на работа**

Од вкупниот број решени предмети, решени биле во **кривичниот оддел вкупно 1159 предмети, во граѓанскиот оддел 451 предмет и административни предмети 412.**

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Кратово во текот на 2014 година во втор степен по жалба било одлучено по 80 предмети од кои по 33 кривични и 47 граѓански предмети. Од вкупниот број предмети одлучени по жалба, одлуките по 67 предмети биле потврдени или 83,8%, во 2 предмети или 2,5 % одлуката била преиначена и укинати биле одлуки во 9 предмети или 11,3%. Одлуката по еден предмет, односно 1,2% била делумно укината и по еден предмет, односно 1,2% правниот лек бил отфрлен.

**4. Состојба со старите предмети**

Во извештајната 2014 година, Основниот суд Кратово имал во работа вкупно 13 стари предмети, од кои 1 предмет – истрага, 3 кривични (полнолетни), 9 граѓански (од кои еден имотен спор, еден предмет физичка делба и 7 оставински предмети кои биле доверени на постапување кај нотар.

Од вкупниот број 13 стари предмети, решени биле сите предмети.

**5.Заклучни констатации и согледувања**

Со оглед на вкупниот број на решени предмети во текот на 2014 година, односно 2022 предмети, произлегува дека месечно во овој суд биле решавани по 192,5 предмети, пресметано за 10, 5 месеци што значи дека остатокот од 163 нерешени предмети може да биде совладан за помалку од еден месец.

Од овие податоци произлегува дека Основниот суд Кратово е **апсолутно ефикасен суд,** особено кога се има предвид и состојбата со старите предмети, односно фактот дека во текот на 2014 година биле решени сите стари предмети, како и податоците по однос на квалитетот во работењето.

Меѓутоа, овој суд и натаму се соочува со проблеми поврзани со опременоста и одржувањето на зградата на судот.

**ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА**

**1. Предметно работење на ниво на Суд**

- Од претходната 2013 година, во Основен суд Крива Паланка останале незавршени 600 предмети.
- Во текот на 2014 година, во Основен суд Крива Паланка се оформени и примени во работа 2904 нови предмети.
- Во текот на 2014 година, во работа биле вкупно 3504 предмети.
- Во текот на 2014 година, вкупно се решени 2839 предмети.
- Во текот на 2014 година, вкупниот број на нерешени предмети е 665.
- Во текот на 2014 година, Основниот суд Крива Паланка, не ја совладал приливот, а заостатокот е зголемен за 65 предмети.

## 2. Судска управа

- Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2014 година, е 1253.
- Вкупниот број на предмети во работа во 2014 година, е 1253.
- Вкупниот број на решени предмети во 2014 година е 11253.
  нерешени 0

**- Кривичен Оддел**

- Во текот на претходната 2013 година, во кривичниот оддел останале незавршени 223 предмети.
- Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел е 1875 предмети.
- Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2014 година е 2229 предмети.
- Вкупниот број на решени предмети во текот на 2014 година во кривичниот оддел е 2051.
- Нерешени предмети до крајот на 2014 година, останале 178 предмети.

- кривичниот оддел го совладал приливот и го намалил заостатокот за 45 предмети.

**-Граѓански Оддел**

- Во текот на претходната 2013 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 44 предмети.
- Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел во текот на 2014 година е 650 предмети.
- Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2014 година е 694 предмети.
- Вкупниот број на решени предмети во текот на 2014 година во граѓанскиот оддел е 596 предмети.

- Нерешени предмети во крајот на 2014 година останале 81 предмети.

- во граѓанскиот оддел не е совладан приливот и е зголемен заостатокот за -54 предмети.

- Квалитет при одлучување на ниво на суд

Од 322 примени предмети по редовни правни лекови за извештајната година 222 односно 68.94% се потврдени, 31 односно 9.6% преиначени 67 односно 20.8% се укинати. Од 6 примени предмети по вонредни превни лекови 3 се потврдени и 3 се отфрлени.

## 3. Состојба со стари предмети

Во текот на 2014 година, во Основниот суд Крива Паланка во работа имало 28 стари предмети, од кои: 18 кривични, 6 парнични и 4 вонпарнични предмети. Од нив 24 предмети се решени, а останале нерешени 4 и тоа: 2 кривични и 2 парнични.

**4. Заклучни согледувања.**

Основниот суд Крива Паланка според критериумите за пресметување на ефикасноста е апсолутно ефикасен суд, ако се има во предвид дека остатокот на нерешени предмети заклучно до крајот на 2014 година, судот може да ги реши за помалку од три месеци.

**Предлог мерки:**

Потребно е реконструкција на електричната исталација на зградата и да се пополнат приоритетните испразнети работни места.

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

### 1.Предметно работење на ниво на суд

Од претходната 2013 година во Основниот суд Куманово останале незавршени 11.569 предмети. Во текот на 2014 година во Основниот суд Куманово биле примени нови 38.350 предмети. Погрешно биле заведени 75 предмети, со што во работа биле вкупно 49.844 предмети. Вкупно биле решени 42.025 предмети , а нерешени останале 7.819 предмети.

Во 2014 година судот го совладал приливот на нови предмети и го намалил остатокот за 3.675 предмети.

### 1.1.Судска управа

Од предметите во судска управа имало останато 4 предмети од претходната 2013 година, примени биле вкупно 4.201 предмет, од кои 4.172 судска евиденција и управа и 29 предмети од областа на слободен пристап до информациите и претставки и поплаки.

### 1.2.Работа по оддели и квалитет во работата

**а) Кривичен оддел:**

**1.Дејствија во претходна постапка**

Во текот на 2014 година судот примил во работа 866 предмети по дејствија во претходна постапка, од кои решил 847, а останале нерешени 19 предмети.

**2.Извршување санкции во кривични предмети**

Во 2014 година судот работел по 8.564 предмети на извршување санкции од кривичната област и решил 7.898, а останале незавршени 666 предмети.

**3.Кривични предмети за малолетни лица**

Во 2014 година судот имал во работа 194 вакви предмети спрема малолетници, решил 142 предмети, а останале нерешени 52 предмети.

**4.Кривични предмети за полнолетни лица**

Во 2014 година во судот биле во работа 6.746 предмети од овој вид, решени се 6.049 предмети, а останале нерешени 697 предмети.

Од вкупниот број предмети во кривичната област кои биле во работа во 2014 година, 3.711 се разни кривични предмети (уверенија кои биле примени и сите биле решени).

Предмети за кривични полнолетни лица имало вкупно 1.917 во работа, во 2014 година решени биле 1.296, а останале нерешени 621 предмет.

Предмети од надлежност на кривичниот совет во судот (во претходна постапка) вон главен претрес биле во работа 1.072 од кои се решени 999, а останале нерешени 73 предмети.

Замолници во кривичната област имало вкупно во работа 46 од кои 43 биле завршени, а останале незавршени 3 замолници.

**5.Квалитет на одлучување**

Од вкупно примени 442 одлуки по редовни правни лекови за предметите против кривично полнолетни лица, 249 предмети или 56,33% се потврдени, 57 предмети или 12,9% се преиначени, 124 предмети или 28,05% се укинати, 9 предмети или 2,04% се делумно укинати и 3 предмети или 0,68% се решени на друг начин.

**6.Оценка на обвинителен акт**

Од овој вид на предмети во 2014 година биле во работа 310, решени биле 273, а останале нерешени 37 предмети.

**7.Кривични прекршочни предмети**

Во 2014 година Основниот суд Куманово имал во работа вкупно 8.348 прекршочни предмети. Структурата на овие предмети е следна:

Од вкупно примени 348 одлуки по редовни правни лекови за прекршочни предмети, 263 предмети или 75,57% се потврдени, 15 или 4,31% преиначени, 55 или 15,80% се укинати, 1 предмет или 0,29% е делумно укинат и 14 предмети или 4,02% се одлуки за отфрлање на правниот лек.

**б) Граѓански оддел**

**1.Парнични предмети (“П1“, “П2“, “П3“, “П4“, “П5“, “Пл1-П“, “Малвп“, “РО“ и разни парнични предмети)**

Во 2014 година имало вкупно во работа 15.482 парнични предмети. Во текот на годината решени се 13.644 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 1.836 предмети.

**2.Квалитет на одлучување по видови на предмети**

Од вкупно примени 53 одлуки по редовни правни лекови за трговски спорови 28 или 52,83% се потврдени, 4 или 7,55% се преиначени, 17 или 32,08% се укинати, 2 предмети или 3,77% се делумно укинати и 2 предмети или 3,77% се со одлука на отфрлање на правен лек.

Од вкупно примени 192 одлуки по редовни правни лекови за парнични предмети – мала вредност 155 предмети или 80,73% се потврдени, 9 предмети или 4,69% се преиначени, 25 предмети или 13,02% укинати и 3 предмети или 1,56% делумно укинати.

Од вкупно примени 48 одлуки по редовни правни лекови за предмети од работни спорови 43 или 89,58% потврдени, 1 предмет или 2,08% преиначен, 3 предмети или 6,25% укинати и 1 предмети или 2,08% со одлука за отфрлање на правен лек.

Од вкупно примени 234 одлуки по редовни правни лекови за предмети од областа на платни налози по приговор 183 или 78,21% се потврдени, 5 предмети или 2,14% преиначени, 45 предмети или 19,23% укинати и 1 предмет или 0,43% делумно укинат.

Од вкупно примени 217 одлуки по редовни правни лекови за предмети од областа на имотните спорови 147 или 67,74% потврдени, 12 или 5,53% преиначени, 55 или 25,35% укинати, 2 или 0,92% се делумно укинати и 1 предмет или 0,46% со одлука за отфрлање правен лек.

Од вкупно примени 38 одлуки по редовни правни лекови за предмети од областа на семејните спорови 26 предмети или 68,42% се потврдени, 3 предмети или 7,89% преиначени, 6 предмети или 15,79% укинати и 3 предмети или 7,89% делумно укинати.

Од вкупно примени 74 одлуки по редовни правни лекови за предмети од облигационите спорови 48 предмети или 64,86% се потврдени, 13 предмети или 17,57% преиначени и 13 предмети или 17,57% укинати.

**3.Вонпарнични предмети ("ВПП1", "ВПП2", разни вонпарнични "РВПП"предмети и ИЗИС предмети)**

Во Основниот суд Куманово во 2014 година во работа имало вкупно 9.083 предмети. Биле решени 8.164 предмети, а останале нерешени на крајот на годината 919 предмети. Најголем дел од овие нерешени предмети се оставински предмети доверени на нотарите и тоа 598 предмети.

**4.Извршување**

Во 2014 година судот имал во работа 251 предмет од областа на извршувањето, од кои 244 се решени, а останале 7 нерешени.

**5.Состојба со стари предмети**

Во 2014 година Основниот суд Куманово имал во работа вкупно 2.067 стари предмети по сите основи. Структурата на овие предмети е 939 пренесени од 2013 година. Од вкупниот број на стари предмети, решени се 1.299, а останале незавршени 768 предмети.

**6.Работа по укинати предмети**

Во 2014 година вкупно во работа имало 918 повторно заведени предмети поради укинување на првостепените одлуки, од кои 372 повторно се заведени во 2013 година и останале нерешени во таа година, а 546 се повторно заведени предмети во 2014 година. Од овие предмети или вкупно 918 повторно заведени, биле решени 609 предмети, а останале незавршени 309 предмети.

**7.Заклучни согледувања**

Спрема бројот на незавршени 7.819 предмети во 2014 година, од расположивиот судски кадар од 32 судии, Основниот суд Куманово заостатокот може да го заврши за 2,3 месеци. Од овие податоци може да се искаже оценка дека Основниот суд Куманово по однос на својата ефикасност и ажурност е апсолутно ефикасен суд.

## ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО

**• Предметно работење на ниво на суд**

Судот годината ја започнал со вкупен заостаток од претходната 2013 година од 1.974 предмети, во текот на годината примил 6.529 предмети, и од вкупно 8.503 предмети кои ги имал во работа во 2014 година, решил 6.406 предмети, со што останале нерешени 2.097 предмети, а заостатокот на нерешени предмети на крајот на 2014 година се зголемил за 127 предмети во однос на претходната 2013 година.

**• Судска управа**

Вкупно во 2014 год. во работа на судската управа биле 689 предмети од кои се решени 680, а останале нерешени 9 предмети.

**• Работа по оддели и квалитет во работа**

**- Граѓански оддел (област)**

Во граѓанскиот оддел на судот во работа биле вкупно 1.942 предмети од кои се решени 1.062 предмети, а останале 880 нерешени.

Судот годината ја започнал со заостаток од 542 предмети, примил 1.404 предмети и со решените 1.062 предмети останал заостаток од 880 нерешени предмети. Годишниот прилив не е совладан за 342 предмети, а заостатокот на нерешени предмети е зголемен за 338 предмети во однос на 2013 година.

- **Кривичен оддел (област)**

Судот годината ја започнал со заостаток од 1.432 предмети, примил 5.125 предмети и вкупно во работа од оваа област имал 6.557 предмети. Во 2014 година биле решени 5.344 предмети и останал остаток од 1.213 нерешени предмети. Годишниот прилив е совладан и решени се 219 предмети повеќе од примените со што за толку е намален заостатокот на нерешени предмети во однос на претходната година.

**Квалитет на работа по сите основи**

Во текот на 2014 година од вкупно 343 предмети вратени од второстепениот суд, потврдени биле 266 предмети или 77,55%, укинати целосно биле 56 предмети или 16,33%, укинат делумно е 1 предмет или 0,29%, а преиначени биле 17 предмети или 4,96%.

**Квалитет на работа на граѓанскиот оддел**

Потврдени се целосно 85,71%, укинати се целосно 7,94%, преиначени се целосно 4,76% и 1,59% други одлуки.

**Квалитет на работа на кривичниот оддел**

Потврдени се целосно 75%, укинати се целосно 17,50%, делумно се укинати 2,50% и преиначени се целосно 5%.

Квалитетот на работа со прекршочните предмети во 2014 година бил: целосно потврдени 64,92%, целосно укинати биле 29,82 предмети и целосно преиначени се 5,26% од предметите.

- **Состојба со стари предмети**

Судот 2014 година ја завршил со вкупно 126 стари предмети од кои 6 се кривични предмети, 3 прекршочни предмети, 1 граѓански предмет, 66 вонпарнични предмети, 4 предмети од извршување на санкции и 46 оставински предмети кои се дадени на постапување на нотарите како повереници на судот.

- **Заклучни согледувања**

Основниот суд Неготино е **ефикасен суд** кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за период од 3 до 5 месеци.

- **Предлог мерки**

За подобрување на состојбите во судот и зголемување на ефикасноста потребно е во најкус можен рок да се пополнат упразнетите работни места со административно-технички персонал. Потребно е вработување на советници, како и да се обезбедат неопходните материјални средства за непречено работење.

По однос на постигнатиот квалитет во просек по оддели, Потребно е да се преземат максимални напори за подобрување на квалитетот на работењето. За таа цел неопходно е да се изготви програма за работа со која ќе се

предвидат мерки и активности за ангажирање на судиите во судот во програми за едукација.

Во наредниот период најмногу внимание и итни мерки треба да се преземаат за подобрување на квалитетот на работењето на судиите, пополнување на упразнетите места со неопходен кадар, како и подобрување на техничката опременост на судот.

## ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

**1. Предметно работење на ниво на Суд**

- Остаток од 2013 година во судот биле 9.759 предмети. Во текот на 2014 година биле примени 33.805 предмети, со што вкупно во работа биле 43.564 предмети од кои решени се 35.415 предмети, додека 8.149 се водат како нерешени.

**1.2 Судска управа**

- Останале 2 нерешени, новопримени се 825, вкупен број на предмети во работа е 827, од кои се решение 826 предмети, додека останал само 1 предмет.

**2. Предметно работење на ниво на Оддел**

**2.1 Обем на работа за предмети опфатени со ориентациона норма**

- Вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 8.775, од кои во кривичен оддел е 7.294, а во граѓански оддел е 1.481.

- Вкупниот број на новопримени предмети изнесува 13.385, од кои во кривичен оддел е 9.903, граѓански оддел е 3.482.

- Вкупниот број на предмети во работа изнесува 22.160, од кои во кривичен оддел е 17.197, а во граѓански оддел е 4.963.

- Вкупниот број на решени предмети изнесува 14.9610, од кои во кривичен оддел е 11.294, а во граѓански оддел е 3.657.

- Вкупниот број на нерешени предмет изнесува 7.209, од кои во кривичен оддел е 5.903, а во граѓански оддел е 1.306.

- Квалитет при одлучување на ниво на оддел

- **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**.

Решени се 8.042, обжалени се 1.076,потврдени се 506, укинати се 192, преиначени се 125

**КРИВИЧНИ ЗА ПОЛНОЛЕТНИ(К)**

Решени се 812, обжалени се 273, односно 33.5%, потврдени се 94(11,58%), укинати се 100 (12,32), преиначени се 37(4.56%).

**КРИВИЧНИ ЗА МАЛОЛЕТНИ(КМ).**

Решени се 39, обжалени се 6, односно 15.38%, потврдени се 4(10,26%), укинати се 0 (0%), преиначени се 0(0%).

**КРИВИЧЕН СОВЕТ**

Решени се 605, обжалени се 53 односно 8.76%, потврдени се 25(4.13%), укинати се 3 (0,49%), преиначени се 2(0,33%).

**ПРК**

Решени се 6549, обжалени се 730 односно 11.15%, потврдени се 374(5,71%), укинати се 82 (1,25), преиначени се 86(1,31%).

**ПРК-ПОВ**

Решени се 37, обжалени се 15 односно 40.54%, потврдени се 9(24,32%), укинати се 5 (13,51), преиначени се 0(0%).

- **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

Решени се 3423 предмети, обжалени се 1.141,потврдени се 734, укинати се 187, преиначени се 50

**СПОРОВИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ**

Решени се 240, обжалени се 101 односно 42.08%, потврдени се 109(45,41%), укинати се 23(9,58%), преиначени се 10(4,16).

**СПОРОВИ ОД ОБЛАСТА НА СОПСТВЕНОСТА**

Решени се 854, обжалени се 308 односно 36.07%, потврдени се 204(23,89%), укинати се 64(7,49%), преиначени се 19(2,22).

**СЕМЕЈНИ СПОРОВИ**

Решени се 277, обжалени се 25 (9.02%),потврдени се 22(7.94%), укинати се 1(0.36%) преиначени се 1(0.36%).

**РАБОТНИ СПОРОВИ**

Решени се 377, обжалени се 277(73.47%), потврдени се 100(26,53%), укинати се 12(3,18%) преиначени се 5(1,32%).

**ТРГОВСКИ СПОРОВИ**

Решени се 87, обжалени се 44(50.57%),потврдени се 27(31,03%), укинати се 12(13,79%) преиначени се 6(6,89%).

**ПЛАТНИ НАЛОЗИ ПО ПРИГОВОР**

Решени се 716, обжалени се 225(31.42%), потврдени се 184(25,69%), укинати се 39(5,45%) преиначени се 2(0,28%).

**ФИЗИЧКА ДЕЛБА**

Решени се 131, обжалени се 14(10.69%),потврдени се 5(3,82%), укинати се 4(3,05%) преиначени се 0(0%).

**ОСТАНАТИ ВПП**

Решени се 371, обжалени се 64(17.25%), потврдени се 22(5,93%), укинати се 24(6,47%) преиначени се 1(0,27%).

**СТЕЧАЈ**

Решени се 258, обжалени се 25(9.69%),потврдени се 16 (6,20%), укинати се 1(0,39%) преиначени се 0(0%).

**ППНИ**

Решени се 311, обжалени се 47(15.11%),потврдени се 36 (11.57%), укинати се 3 (0,96%) преиначени се 6 (1,93%).

**ППОВ**

Решени се 31, обжалени се 11 (35.48%),потврдени се 9 (29,03%), укинати се 5 (16,13%) преиначени се 0(0%).

**2.2 Податок за предмети кои не се опфатени со ориентациона норма**

● Вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 984, од кои во кривичен оддел е 82, а во граѓански оддел е 902. ● Вкупниот број на новопримени предмети изнесува 21.169, во кривичен оддел е 4.622, во граѓански оддел е 15.898.

● Вкупниот број на предмети во работа изнесува 22.331, од кои во кривичен оддел 4.704, во граѓански оддел 16.800, во судска управа е 827.

● Вкупниот број на решени предмети изнесува , од кои кривичен оддел е 4.654, во граѓански оддел е 15.810.

● Вкупниот број на нерешение предмети изнесува 1.040 од кои во кривичен оддел е 50, во граѓански оддел е 990.

**3. Состојба со стари предмети**

Во ОС Гостивар за 2014 година останале 696 стари нерешени предмети од кои 580 се кривични а 116 се граѓански предмети.

**4. Заклучни согледувања**

- **Апсолутно ефикасен суд**, заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за 2.3 месеци.

Од искажаните податоци за работењето на Основниот суд Гостивар за извештајната 2014 година, може да се констатира дека Основниот суд Гостивар го совладал приливот на нови предмети а заостатокот од 2013 година е намален.

**5. Предлог мерки**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на административниот персонал

- Да се согледа можноста за техничка и финансиска консолидација на Судот

- Да се подобри безбедноста на судот со набавка на камери, соодветни метал детектори и комплетна опрема за судска полиција.

- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење

**ОСНОВЕН СУД ДЕБАР**

- **Предметно работење на ниво на Суд**

Во судот како незавршени предмети од 2013 година имало 462 предмети. Новопримени во текот на 2014 година биле 4.485 предмети, погрешно биле заведени 11 предмети, со што во работа биле вкупно 4.936 предмети од кои во 2014 година се решени вкупно 4.574 предмети, а останале нерешени 362 предмети.

- **Судска управа, вкупно во работа имало 247 предмети, од кои решени се 246.**

- **Работа по оддели и квалитет во работа**

***- Граѓански оддел (област)***

Во работа биле вкупно 2338 предмети од кои 2157 се решени, 181 нерешени. Во споредба со претходната година, обемот на работа е зголемен за 1007 предмети. Годишниот прилив е совладан а заостатокот на нерешени предмети е намален за 32 предмети.

***- Кривичен оддел (област)***

Во работа биле вкупно 2601 предмети од кои 2417 се решени, а 184 нерешени. Во однос на претходната година, во 2014 година се примени 30 предмети повеќе, но обемот на работа е намален за 23 предмети. Приливот е совладан за 35 предмети и намален заостатокот на нерешени предмети за 69 предмети.

***Квалитет на работа по сите основи***

Од вкупно 144 предмети вретени од второстепениот суд, потврдени 111, преиначени 3, укинати 30 .

- **Состојба со стари предмети**

На почетокот на 2014 година, судот имал 56 нерешени предмети. Во текот на годината се примени уште 33 предмети. Вкупно во работа биле 99 предмети. На крајот на 2014 година останале 24 стари нерешени предмети. Во текот на оваа година бројот на стари нерешени предмети е намален за 35.

- **Заклучни согледувања**

**Апсолутно ефикасен суд.** Заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за помалку од еден месец.

- **Предлог мерки**

- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

**1.Предметно работење на ниво на суд**

На 01.01.2014 година останати предмети од претходната година има 1.163 предмети, новопримени се 11.544 или вкупно во работа биле 12.707 предмет, од кои решени се 11.735 предмети, а нерешени останале 972 предмети.

**2.Судска управа**

Во текот на извештајната 2014 година биле во работа вкупно 884 предмети, решени се 883, а еден "СУ" предмет останал нерешен.

**3.Работа по оддели и квалитетот во работата**

**3.1.Работа и квалитет на ниво на кривичен оддел**

**-Истраги**

Во текот на 2014 година судот постапувал по 21 истражен предмет од кои решил 20 или 95,23%, а останале за решавање 1 истражен предмет или 4,76%.

**-Истражни дејствија**

Во 2014 година завршени се вкупно 99 предмети или 100%.

**-Против полнолетни лица**

Од вкупно 370 решени предмети, обжалени се 59 одлуки или 15,94%, вратени се 76 предмети или 20,54%, потврдени се 51 предмет или 67,10%, укинати 19 предмети или 25% и преправени 5 предмети или 6,57%.

**-Прекршочни постапки**

Од вкупно решени 2.271 предмет, обжалени се 226, вратени се 215 предмети или 9,46% од кои: потврдени се 94 предмети или 43,72%, укинати 59 предмети или 27,44%, преиначени 46 предмети или 21,39% и отфрлени 15 предмети или 6,97%.

**3.2.Граѓански оддел**

**-Процесни предмети**

Од вкупно 1.214 решени предмети, обжалени се 530 предмети, вратени 769 или 68,92% од кои: потврдени се 563 предмети или 73,21%, укинати 153 или 19,89%, преиначени 48 предмети или 6,24% и отфрлени 3 предмети или 0,39%.

**-Вонпроцесни предмети**

Решени се 158 предмети, обжалени се 29 предмети, вратени 17 и 7 предмети се укинати или 41,17%.

**-Оставински предмети**

Вкупно во работа биле 854 предмети од кои 620 предмети се решени од страна на Нотарите.

**4.Состојба со стари предмети**

Стари нерешени предмети во кривичниот оддел има само 8 предмети, во граѓанскиот оддел 5 предмети, 2 предмети нерешени од областа на стечајот и 33 оставински предмети кои се кај нотарите.

**5.Просторни капацитети**

Што се однесува до просторните услови, истите не се сосема задоволителни, но тоа не е пречка судот да биде ажурен.

**6.Заклучни констатации и согледувања**

Основниот суд во Кичево е апсолутно ефикасен, бидејќи заостатокот на предметите може да се реши за помалку од 1 месец.

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

### Предметно работење на ниво на суд – граѓански и кривични предмети

На почетокот на извештајната 2014 година Основниот суд Тетово во работа имал 6.281 граѓански и кривични предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2014 година се заведени 19.630 нови граѓански и кривични предмети кои заедно со нерешените ја даваат бројката од 25.911 вкупно граѓански и кривични предмети во работа.

Судиите во текот на 2014 година решиле вкупно 19.730 кривични и граѓански предмети, а како нерешени во 2015 година останати се 6.181 граѓански и кривични предмети.

Од изнесеното произлегува дека Основниот суд Тетово го совладал приливот на нови граѓански и кривични предмети во извештајната 2014 година и го намалил заостатокот за 100 предмети.

Граѓанскиот оддел постапувал по парнични предмети, трговски сопрови, стечаи и ликвидации, вонпроцесни предмети и останати предмети во надлежност на Претседателот на судот.

На почетокот на извештајната година, одделот во работа имал 1928 предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2014 година се заведени 4.746 нови предмети кои заедно со нерешените ја даваат бројката од 6.674 вкупно граѓански предмети во работа.

Судиите од Граѓанскиот оддел во текот на 2014 година решиле вкупно 5.189 граѓански предмети, а како нерешени во 2015 година останати се 1.485 граѓански предмети.

Од изнесеното произлегува дека Граѓанскиот оддел го совладал приливот на нови предмети во 2014 година и го намалил заостатокот за 443 граѓански предмети.

### Предмети од судска управа

На почетоткот на 2014 година, Основниот суд Тетово во работа имал 3 предмети од судска управа кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2014 година се заведени 398 нови предмети, кои заедно со нерешените ја даваат вкупно бројката од 401 вкупно предмети во работа.

Решени се вкупно 399 предмети, а како нерешени во 2015 година останати се 2 предмети од судска управа.

Од изнесеното произлегува дека Основниот суд Тетово го совладал приливот на нови предмети од судска управа во извештајната 2014 година и го намалил заостатокот за 1 предмет.

**Квалитет во работата на граѓанскиот оддел**

Во текот на годината, вкупно примени предмети по жалба се 700, примени со одлука потврдена се 468 или 9,02%, примени со одлука преиначена се 55 или 1,06%, примени со одлука укината се 165 или 3,18%, примени со одлука делумно укината се 9 или 0,17%, примени со одлука отфрлена 1 предмет или 0,02% и примени со одлука друго 1 предмет или 0,02%, сите во однос на вкупно решените предмети.

Кривичниот оддел постапувал по предмети во кривична истрага, определени истражни дејствија, разни истражни дејствија и замолници во кривичната област, кривични предмети спрема полнолетни лица, кривични предмети спрема малолетни лица, прекршочни предмети, извршување на санциите и одлуки на кривичен совет (во претходна постапка) вон главен претрес.

На почетокот на 2014 година, Кривичниот оддел во работа имал 4.353 кривични предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2014 година се заведени 14.884 нови кривични предмети, кои заедно со нерешените ја даваат бројката од 19.237 кривични предмети во работа.

Решени се вкупно 14.541 кривични предмети, а како нерешени во 2015 година, останати се 4.696 предмети.

Од изнесеното произлегува дека Кривичниот оддел и покрај решените 14.541 кривични предмети што неосмнено претставува значителна бројка, не го совладал приливот на нови кривични предмети во извештајната година за 343 кривични предмети со што за оваа бројка на предемти го зголемил заостатокот на нерешени предмети од 4.353 кривични предмети кои како нереешни останале од претходниот извештаен период на 4.696 нерешени кривични предмети на крајот на извештајната 2014 година. Од анализата на движење на поодделните видови предмети во кривичниот оддел произлегува дека приливот е совладан кај сите видови предмети од овој оддел освен кај предметите за извршување на санкциите.

**Квалитет во работата на кривичниот оддел**

Во текот на годината, вкупно примени предмети по жалба се 1.729, од кои примени со одлука потврдена се 874 или 6,01%, примени со одлука преиначена се 295 или 2,03%, примени со одлука укината се 364 или 2,50%, примени со одлука делумно укината се 10 или 0,07%, примени со одлука отфрлена 177 или 1,22% и примени со одлука друго 8 или 0,05%, сите во однос на вкупно решените.

### Состојба со стари предмети

Во Основниот суд Тетово нерешени стари предмети од претходниот извештаен период останале 352.

Во текот на извештајната 2014 година, статус на стари предмети добиле 882 предмети, така што вкупно во работа биле 1.234 стари предмети од кои решени се 909, а нерешени останале 326 стари предмети од што може да се заклучи дека судот во извештајната 2014 година го намалил бројот на нерешени стари предмети за 26 предмети.

### Заклучни согледувања

Основниот суд Тетово во текот на извештајната година според постигнатите резултати го има совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд со оглед дека примени се вкупно 19.630 нови предмети, а решени се вкупно 19.730 предмети. Намален е вкупниот број на нерешени предмети од 6.281 кои како нерешени останале од претходниот извештаен период на 6.181 предмети на крајот на извештајниот период.

Ако се има предвид вкупниот број на решени 19.730 предмети во текот на извештајната година и бројот на останатите нерешени 6.181 предмети, според бројот на реошените предмети во текот на извештајната година, останатите нерешени предмети можат да се решат за период од 3,2 месеци, поради што Основниот суд Тетово може да се смета за апсолутно ефикасен суд.

По однос на ефикасноста, се забележува дека Судот ја задржал иста како и во претходната извештајна година иако во споредба со претходниот извештаен период, во предметниот е зголемен бројот на новопримени предмети, зголемен е и бројот на вкупно решените предмети, а судот постапувал со 1 судија помалку од почетокот на извештајната година кој е избран за член во Судскиот совет на РМ и од 28.10.2014 година со двајца судии помалку кои биле делегирани во Основниот суд Скопје 1 – Оддел за прекршоци.

Во теко на 2015 година потребно е да се пополнат непополнетите работни места, да се реши просторниот проблем на судот, подобри информатичката технологија и да се следи приливот на нови предмети, па доколку има зголемен прилив на нови предмети, да се преиспита одлуката за оправданоста од делегирање на двајца судии со цел да се задржи ефикасноста во работењето на судот.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

### 1.1 Предметно работење на ниво на суд

Основниот суд Битола 2014 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2013 година од **3720** предмети. Во тековната 2014 година примени се нови **12670** предмети, погрешно заведени **8** предмети, па вкупно во работа биле **16382** предмети, од кои биле решени

**12667**, а нерешени останале **3715** предмети. Приливот не е совладан за **3** предмети. Ориентационата норма на ниво на суд изнесува 105,52%.

### 1.2 Судска управа

Судската управа 2014 година ја започнала соостаток од претходната 2013 година од 7 предмети. Во тековната 2014 година примени се 1712 предмети, па вкупно во работа биле 1719 предмети, од кои решени се 1706, а нерешени останале 13 предмети. Приливот не е совладан за 6 предмети.

## 2.РАБОТА ПО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА

### 2.1 КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривичниот оддел 2014 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2013 година од **2261** предмети. Во тековната 2014 година примени се нови **7396** предмети, погрешно заведени **3,** па вкупно во работа биле **9654** предмети, од кои биле решени **7720**, а нерешени останале **1934** предмети. Приливот е совладан односно решени се **324** предмети повеќе од ново примените предмети. Најголем број од нерешените предмети се извршување санкции 779 и прекршочни 772, кривични 348 и КС 30. Ориентационата норма на ниво на оддел изнесува 80,88%, а квалитетот на изготвените одлуки во **К** бил потврдени 53,02%, укинати 32,09%, преиначени 10,23%, делумно укинати 3,72% и отфрлени 0,93%. Во **ПРК** потврдени се 39,78%, укинати 48,25%, преиначени 9,58%, делумно укинати 0,92%, отфрлени 1,47%. Во **КС** потврдени се 77,91%, укинати 15,12%, преиначени 5,81%, делумно укинати 0,00% и отфрлени 1,16%.

### 2.2 ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Граѓанскиот оддел 2014 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2013 година од **1459** предмети. Во тековната 2014 година примени се нови **5274** предмети, погрешно се заведени **5,** па вкупно во работа биле **6728** предмети, од кои биле решени **4947**, а нерешени останале **1781** предмети. Приливот не е совладан односно решени се **227** предмети помалку. Најголем број од нерешените предмети се ВПП 506, Имотно облигациони 337, платни налози по приговор 223 предмети, ТС 48, МАЛВ 193, РО 102, оставина 69, физичка делба 120, стечај 98. Ориентационата норма на ниво на оддел изнесува 130,15%, а квалитетот на изготвените одлуки во предмети со ознака **П** е потврдени 62,97%, укинати 24,69%, преиначени 11,08%, делумно укинати 1,01% и отфрлени 0,25%. Предмети **МАЛВ-П и МАЛВ-ТС** потврдени се 66,67%, укинати 20,51%, преиначени 11,28%, делумно укинати 1,03% и отфрлени 0,51%. Предмети **ТС** потврдени се 74,,39%, укинати 18,29%, преиначени 4,88%, делумно укинати 2,44% и отфрлени 0,00%. Предмети **РО** потврдени 64,15%, укинати 7,55%, преиначени 28,30%, делумно укинати 0,00% и отфрлени 0,00%. Предмети **ПЛ** потврдени 68,50%, укинати 22,25%, преиначени 8,38%, делумно укинати 0,29% и отфрлени 0,58%. Предмети **ВПП** потврдени 64,79%, укинати 32,39%, преиначени 1,41%, отфрлени 1,41%. Предмети **ППНИ** потврдени 71,86%, укинати 3,59%, преиначени 22,75%, делумно укинати 0,60% и отфрлени 1,20%. Предмети **О** потврдени 33,33%, укинати 33,33% преиначени 33,33%.

## 3. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Судот 2014 година ја започнал со **78** стари нерешени предмети, а ја завршил со **134** стари предмети, не рачунајќи ги **1154** оставински предмети, отстапени на решавање кај нотарите. Најстариот предмет е од 2007 година **1**, од 2009 година **9** предмети, од 2010 година , од 2011 година **25** и од 2012 година **89**.

## 4. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА

Во поглед на ефикасноста, судот месечно решавал по **1206** предмети, па заостатокот од **3715** предмети може да го реши за 3,01 месец, што значи дека се работи за суд кој е на границата меѓу **апсолутно ефикасен суд и ефикасен суд.**

## 5. ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Битола во тековната 2014 година, покажува се послаби квалитативни и квантитативни резултати од претходните години, бидејќи бројот на укинати и преиначени одлуки е зголемен исто како и бројот на нерешените предмети, како и бројот на старите предмети кој исто така е зголемен, Затоа во наредниот период ќе треба да се обрне посебно внимание на побрзо решавање на старите нерешени предмети чиј број се зголемува, а и да се направат напори за подобрување на квалитетот на работењето и зголемување на процентот на потврдени предмети, кој во оваа извештајна година е понизок од оној во 2013 година. Освен тоа потребно е судот и кадровски да се доекипира со пополнување на испразнетите работни места од сите профили, конкретно наведени во Извештајот, како и да се набави потребната компјутерска опрема.

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

## 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД.

Основниот суд Крушево на почетокот од 2014 година има остаток од 315 предмети.

Во текот на 2014 година судот примил 1502 нови предмети и вкупно во работа имал 1817 предмети. Решил вкупно 1550 предмети. Вкупно нерешени на крајот на годината останале 267.Ова значи дека приливот на предмети е совладан во тековната година, а е намален и за остатокот на нерешените предмети.

## 2.СУДСКА УПРАВА

Од претходната година нема заостаток на нерешени предмети од судската управа. Новопримени се 249 предмети и сите се решени.

## 3.РАБОТА ВО ОДДЕЛИ И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТАТА.

**Работа и квалитет на одлучување на кривичниот оддел.**

Во текот на 2014 година во кривиниот оддел судот примил 772 предмети, па со остатокот од 123 предмети од минатата година вкупно во работа биле 895 предмети, решени се 797, нерешени останале 98 предмети, што значи совладан е приливот, а е намален остатокот на нерешени предмети во однос на предходната година за 23 предмети.Од 11 одлуки по жалба
-во 8 предмети одлуката е потврдена или 73%,
-во 2 предмети одлуката е укината или 18%,
-во1 предмет одлуката е преиначена или 9%.

Кај прекршочните предмети од минатата година останале нерешени 13 предмети, ново примени се 286 предмети така што во извештајната година во работа биле вкупно 299 прекршочни предмети.Решени се 274 предмети, што значи не е совладан приливот, а е зголемен заостатокот на нерешените предмети.

Кај прекршочните предмети поднесени се жалби во 24 предмети, а одлуки се донесени по 17 предмети и тоа:
-Во 9 предмети одлуката е потврдена или 53%.
-Во 7 предмети одлуката е укината или 41%.
-Во 1 предмет одлуката е преправена или 6%

Во споредба со претходната година зголемен е квалитетот на потврдени одлуки, бидејки во предходната година процентот на потврдени одлуки во граѓанскиот оддел изнесувал 35%.

**Работа и квалитет на одлучување во граѓанскиот оддел.**

Во граѓанскиот оддел во текот на 2014 година судот примил 650 предмети и со заостатокот од 180 предмети од предходната година вкупно во работа биле 830 предмети.Решение се 667, а нерешени останале 163 предмети.Ова значи дека приливот е совладан и е намален заостатокот на нерешени предмети.

Кај спорните граѓански предмети биле поднесени 108 жалби.Донесени се 81 одлука по жалба при што:
-Во 23 предмети одлуката е потврдена или 28%
-Во 33 предмети одлуката е укината или 41%
-Во 5 предмети одлуката е преправена или 6%
-Во 20 предмети одлуката е делумно укината или 25%.

Може да се констатира дека квалитетот во граѓанското одделение е драстично намален споредбено со предходната година.До ваква состојба дошло затоа што по жалба биле испратени т.н. типски одлуки од кои што поголемиот број биле укинати од страна на второстепениот суд.

## 4.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во кривичниот оддел за полнолетни лица нема стари нерешени предмети, а во прекршочниот оддел нема ниту застарени , ниту стари прекршочни предмети.

Во граѓанскиот оддел нема стари предмети.

Извештајната година судот ја завршил со 8 стари нерешени предмети од извршување на кривични санкции и 39 оставински предмети доверени на нотар.

Стари има 39 предмети кои се доверени на нотарот, а вкупно нерешение се 47 предмети.

## 5.ЗАКЛУЧНИ КОНТАТАЦИИ И СОГЛЕДУВАЊА

Врз основа на изнсените податоци произлегува дека Основниот суд во Крушево во извештајната година посветил посебно внимание да го совлада приливот на предметите и да ги реши старите предмети, со исклучок кај прекршочниот оддел каде судот не успеал да го совлада приливот на предмети.Заради поефикасно и поажурно работење потребно е да се пополнат испразнетите работни места.

Заостатокот од нерешени 163 предмети може да се решат за 1,5 месеци така да судот во Крушево е апсолутно ажурен суд.

# ОСНОВЕН СУД ОХРИД

## 1. Предметно работење

Од претходната 2013 година во Основен суд Охрид останале незавршени 7.780 предмети. Во текот на 2014 година во Основен суд Охрид примени се во работа 14 930 предмети. Има 11 погрешно заведени предмети. Во текот на 2014 година во работа биле вкупно 22 699 предмети. Вкупно се решени 17 019 предмети, со што останале 5 680 нерешени предмети.

## 2. Судска управа

Вкупниот број на незавршени предмети од претходната 2013 година е 2 предмети. Новопримени предмети во текот на 2014 година е 903 предмети, со што вкупно предмети во работа во 2014 година е 905 предмети. Решени биле 893, а вкупниот број на нерешени предмети до крајот на 2014 година е 12.

## 3.Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел

Во извештајот не е наведен квалитет при одлучување на кривичниот оддел, туку за секој судија посебно.

## 4.Квалитет при одлучување на ниво на граѓански оддел

Во извештајот не е наведен квалитет при одлучување на граѓанскиот оддел, туку за секој судија посебно.

**5.Состојба со стари предмети**

Во судот останале нерешени вкупно 330 предмети заклучно со 2012 година и тоа: спорови од мала вредност 10 предмети, имотни спорови 81 предмет, трговски спорови 1 предмет, стечајни 1 предмет, кривични полнолетни 82 предмети, прекршочни 85 предмети, ВПП 29 предмети, оставински 2 предмети, оставински по приговор 2 предмети, платни налози по приговор 7 предмети и истраги 4 предмети.

По години, структурата е следна: од 1999 година 1, од 2002 1, од 2003 година 1 предмет, од 2004 година 1 предмет, од 2005 година 2 предмети, од 2006 година 2 предмети, од 2007 година 2 предмети, од 2008 година 1 предмет, од 2009 година 24 предмети, од 2010 година 28 предмети и од 2011 година 76 предмети, од 2012 година 181 нерешен предмет.

**6.Заклучни констатации и согледувања**

Основниот суд Охрид е ефикасен суд, бидејќи заостатокот на нерешени предмети може да ги реши за 3,3 месеци.

**7.Предлог мерки**

Основниот суд Охрид има потреба за дислокација на Државното правобранителство и Основното јавно обвинителство, поради потребите на самиот суд.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

### 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

**1.1 Предметно работење за предмети опфатени со ориентациона норма, обем на работа и квалитет при одлучувањето на ниво на суд.**

Основниот суд во Прилеп 2014 година ја започна со заостаток од 6.760 предмети, како нерешени предмети од претходната 2013 година.

Во текот на 2014 година, во Судот се примени нови 17935 предмети, и 5 предмети погрешно заведени, така што вкупно во работа биле 24690 предмети, од кои 19732 предмети се решени и на крајот на извештајната година како нерешени предмети останале вкупно 4.958 предмети.

**1.2. Предметното работење за предмети од судската управа.**

Од претходната 2013 година останале како нерешен е 1 предмет од СУДСКАТА УПРАВА, новопримени во 2014 година се 423 предмети, така што вкупно во работа биле 424 предмети кои биле решени и на крајот на извештајната година не останале нерешени предмети.

**2.Квалитет при одлучување во кривичниот и прекршочниот оддел:**

Во **кривичниот оддел** вкупно се решени 666 предмети од кои необжалени предмети биле 590 или 88,5% а 76 предмети биле вратени по жалба од кои, потврдени се 39 или 5,8%, преправени 8 или 1,2%, укинати 27 или 4%, делумно укинати 2 или 0,3% така да вкупно необжалени и потврдени биле 629 или 94,4% предмети.

Во **прекршочниот оддел** вкупно се решени 2.992 предмети од кои необжалени предмети биле 2.885 или 96,4% а 107 предмети биле вратени по жалба од кои, потврдени се 87 или 2,9%, преправени 1 или 0,03%, укинати 19 или 0,6%, така да вкупно необжалени и потврдени биле 2.972 или 99,3% предмети.

**3. Состојба со стари нерешени К предмети на 31.12.2014 год:**

Кривични полнолетни нерешени предмети од 2012 год. се 21 премет, од 2011 год. се 5 предмети, од 2010 год. е 1 премет од 2009 год. е 1 предмет од 2008 год. нема нерешен предмет и од 2007 год. е 1 предмет нерешен.

**4. Квалитет при одлучување во граѓанските процесни предмети (П1,П2,П3,П4,П5,Малв.П,Ро):**

Вкупно се решени 1.569 предмети од кои необжалени предмети биле 947 или 60,3% , биле вратени по жалба 576 предмети од кои, потврдени се 388 или 24,7%, преправени 56 или 3,5%, укинати 89 или 5,6%,делумно укинати 43 или 2,7% така да вкупно необжалени и потврдени биле 1.335 или 85% предмети.

**5. Квалитет при одлучување во граѓанските предмети од областа на трговските спорови (Тс,Тс1,Малвтс,Пл1тс,Ст):**

Вкупно се решени 629 предмети од кои необжалени предмети биле 542или 86,1%, биле вратени по жалба 87 предмети од кои, потврдени се 54 или 8,5%, преправени 11 или 1,7%, укинати 20 или 3,1%, делумно укинати 2 или 0,3% така да вкупно необжалени и потврдени биле 596 или 94,7 % предмети.

**6. Состојба со старите Граѓански предмети**

Од граѓанскиот оддел не се доставени податоци за стари нерешени предмети.

**7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Имајќи ги предвид човечките ресусурси и условите во кои судот работел, посебно фактот што според систематизацијата во судот треба да работат 24 судии, а судот извештајната година ја завршил со 17 судии и со битно намален број на административно стручно-технички службеници, произлегува дека овој суд е **ефикасен суд.** Оваа констатција призлегува од тоа што судот бројот на нерешените предмети во извештајната 2014 год. може да ги реши за период од 4,8 месеци.

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

**1. Предметно работење на ниво на Суд**

• Основниот суд Ресен на почетокот од 2014 година има остаток од 1035 предмети. Во текот на 2014 година судот примил 3030, погрешно биле заведени 6 предмети, со што вкупно во работа имал 4059 предмети. Решени се вкупно 3257 предмети, а на крајот на годината останале нерешени вкупно 802.

**Судска управа**

• Вкупен број на предмети во работа од претходната година изнесува 640, од кои се решени 640, додека 0 се водат како нерешени предмети.

**2. Предметно работење на ниво на Оддел**

**2.1 Обем на работа за предмети опфатени со ориентациона норма**

• Вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 1166, или за 787 предмети (24,3%) повеќе во однос на 2013 година.
• Вкупниот број на новопримени предмети изнесува 3949, или за 1025 предмети (35%) повеќе во однос на 2013 година.
• Вкупниот број на предмети во работа изнесува 5109, или за 1806 предмети (54,7%) повеќе во однос на 2013 година.
• Вкупниот број на решени предмети изнесува 4300, или за 1353 предмети (45,9%) повеќе во однос на 2013 година.
• Вкупниот број на нерешени предмет изнесува 809, или за 357 помалку во однос на бројот на нерешени предмети на крајот од 2013 година.

• Квалитет при одлучување на ниво на оддел

• **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**.

Во 2014 година вкупно во работа биле128 предмети, или 44 предмети повеќе во однос на 2013.

Од нив се решени 95 кривични предмети или 74,22%, останале нерешени 33 или 25,78%.

Приливот кај овие предмети не е совладан за 12 предмети.

Од вкупно решени 95, обжалени се 22 предмети (23,15%, од обжалените е одлучено е во 25 предмети, од кои потврдени се 13 (52%), укинати се 10 (40%), преиначени се 2(8%).

**КРИВИЧЕН СОВЕТ**

Од 27 предмети, 26 или 96,3% се решени, 1 останал нерешен.

**ПРЕКРШОЧЕН ОДДЕЛ**.

Во 2014 вкупно во работа биле 99 , или за 246 предмети (24,7%) повеќе во однос на 2013 година.

Нерешени останале 259 предмети, 736 се решени годишниот прилив не е совладан за 144 предмети.

Примени се два предмети по уписник "ПРК-ПОВ", еден предмет е решен, еден предмет не е решен .

Од вкупно решени 736, обжалени се 52 предмети (7,06%, од обжалените е одлучено е во 61 предмети, од кои потврдени се 39 (69,93%), укинати се 13 (21,31%), преиначени се 2(3,27%), во 1 предмет одлуката делумно е укината (1,63%), а во 6 предмети (9,84%), жалбата е отфрлена.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИ САНКЦИИ**

По уписник **"КУИКП"** од вкупно 6 предмети, решени се 2, а 4 останале нерешени .

Од предмети за извршување на кривични глоби, трошоци и паушал од вкупно 41 предмети, 28 се решени, а 13 останале нрешени.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ**

Од вкупно 630 предмети, 583 се решени, а 47 останале нерешени, приливот не е совладан за 10 предмети.

- **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

**ПАРНИЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Нерешени парнични предмети на 01.01.2014 имало 135 предмети.

Новопримени во 2014 година 360 предмети, или за 43 предмети помалку во однос на 2013.

Вкупно во работа 485 предмети, или за 38 предмети помалку во однос на 2013.

Решение се 340 предмети, или за 48 предмети помалку во однос на 2013, останале нерешени 145

Од 340 решени предмети, обжалени се 91 (26,76%). Од 113 вратени предмети од жалбена постапка, потврдени се 60 односно (53,1%), укинати се 33 (29,2%) преиначени се 9 (7,7%), во 2 предмети одлуката делумно е укината (1,8%), а во 9 предмети (7,7%), жалбата е отфрлена.

**ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ**

Од 7 предмети сите се решени.

**ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ КАЈ НОТАРИ**

Од 899 предмети, решени се 659, а останале 230 нерешени.

**ПРЕДМЕТИ ПО УПИСНИК "ППНИ"**

Од 30 предмети, 29 се решени , останал 1 нерешен предмет.

Жалба е поднесена во 12 предмети (40%). Од вратените 15 предмети од жалбена постапка, потврдени се 8, преиначени 3 ,укинати се 2, делумно укинати се 2 предмети.

**ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно 55 предмети, решени се 42 предмети, обжалени се 8 (19%). Од 10 вратени предмети од жалбена постапка, потврдени се 4 односно (40%), укинати се 5 (50%), преиначена 1 одлука (10%).

**3. Состојба со стари предмети**

Во 2014 година имало 461 стари предмети, од нив решение се 375 или 81,34%, а останале во работа 86 стари предмети, од кои 74 како оставински предмети биле дадени на постапување на нотари.

**4. Заклучни согледувања**

- **Апсолутно ефикасен суд**, заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за 2,8 месеци.

Судот во извештајниот период успеал да го совлада целокупниот прилив на предмети, како и да го совлада дел од заостакот, бидејќи се решени повеќе предмети, отколку се новопримени во работа.

**5. Предлог мерки**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и административен персонал
- Да се согледа можноста за техничка и финансиска консолидација на Судот
- да се одржи континуитетот односно динамиката на работење

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

- **Предметно работење на ниво на суд**

Во текот на 2014 година на ниво на суд, од претходната година имало нерешени 2.932 предмети, а во работа биле вкупно 14.240 предмети од кои решени се вкупно 11.666 предмети, а останале нерешени 2.582 предмети, примени се вкупно 11.327 предмети, со што на крајот на 2014 година останале нерешени 2.574 предмети. Приливот на предмети е совладан. Погрешно биле заведени 19 предмети.

- **Судска управа**

Вкупно во 2014 год. во работа на судската управа биле 1.836 предмети од кои заостаток од 73 предмети, новопримени биле 1.764 предмети. Решени се вкупно 1.828, а останале нерешени 8 предмети, и со тоа е намален заостатокот од претходната година за 65 предмети

- **Работа по оддели и квалитет во работа**

**- Граѓански оддел (област)**

Во граѓанскиот оддел на судот биле примени 5.223 предмети, во работа биле вкупно 6.767 предмети од кои се решени 5.536 предмети, а останале 1.231 нерешени.

Годишниот прилив е совладан а заостатокот е намален за 316 предмети во однос на 2013 година.

**- Кривичен оддел (област)**

Судот годината ја започнал со заостаток од 1.385 предмети, примил 6.104 предмети и вкупно во работа од оваа област имал 7.473 предмети. Во 2014 година биле решени 6.130 предмети и останал остаток од 1.343 нерешени предмети. Годишниот прилив е совладан и решени се 42 предмети повеќе од примените со што за толку е намален заостатокот на нерешени предмети во однос на претходната година.

**Квалитет на работа по сите основи**

Во текот на 2014 година од вкупно 888 предмети вратени од второстепениот суд, потврдени биле 630 предмети или 70,95%, укинати биле 200 предмети или 22,52%, а преиначени биле 58 предмети или 6,53%.

**Квалитет на работа на граѓанскиот оддел**

Потврдени се целосно 68,25%, укинати се целосно 23,25%, преиначени се целосно 8,50%.

**Квалитет на работа на кривичниот оддел**

Потврдени се целосно 75%, укинати се целосно 21,40%, и преиначени се целосно 3.60%.

- **Состојба со стари предмети**

Судот 2014 година ја завршил со вкупно 91 стари предмети од кои 6 се кривични предмети, 38 прекршочни предмети, 1 стечаен предмет, 31 парнични предмети, 3 вонпарнични предмети, 12 предмети од извршување на санкции. Споредено со претходната извештајна година, бројот на стари предмети е зголемен за 2 предмети.

- **Заклучни согледувања**

Основниот суд Струга е **апсолутно ефикасен суд** кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за период до 3 месеци.

- **Предлог мерки**

За подобрување на состојбите во судот потребно е во најкус можен рок да се пополнат упразнетите работни места со административно-технички персонал. Потребно е вработување на советници, како и да се обезбедат неопходните материјални средства за непречено работење.

По однос на постигнатиот квалитет во просек по оддели, Потребно е да се преземат напори за подобрување на квалитетот на работењето. За таа цел неопходно е да се изготви програма за работа со која ќе се предвидат мерки и активности за ангажирање на судиите во судот во програми за едукација.

Во наредниот период најмногу внимание и итни мерки треба да се преземаат за подобрување на квалитетот на работењето на судиите, пополнување на упразнетите места со неопходен кадар, како и подобрување на техничката опременост на судот.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

### 1.Предметно работење на ниво на Суд

Во Основниот суд Берово од претходната 2013 година останале незавршени вкупно 234 предмети, а новопримени во текот на 2014 година биле 3700 предмети така да вкупен број на предмети во работа во 2014 година биле

3934. Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2014 година биле решени 3711, а останале нерешени 223 предмети, што укажува дека **приливот бил совладан за 11 предмети.**

**2. Судска управа**

Во работењето на судската управа од претходната 2013 година немало нерешени предмети, а новопримени во текот на 2014 година биле 529 предмети и сите овие се решени во извештајната 2014 година.

**3. Работа по оддели и квалитетот во работата**

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Берово од претходната 2013 година останале нерешени 74 предмети кои се опфатени со ориентационата норма, а новопримени предмети од овој вид во текот на 2014 година биле 1677. Според табеларниот преглед, вкупно во работа во овој оддел во текот на 2014 година биле 1742 предмети, од кои биле решени 1660 предмети и останале нерешени 82 предмети. Ова укажува на фактот дека **приливот во овој оддел не бил совладан за 8 предмети.** Најголем број на нерешени предмети во кривичниот оддел во текот на 2014 година биле прекршочни предмети и тоа 41 предмет, како и предмети за извршување на санкции и тоа 34 предмети, а останатите 7 предмети се однесуваат на кривични постапки за полнолетни лица.

Нерешени предмети во кривичниот оддел кои не се опфатени со ориентационата норма од претходната 2013 година биле 2 предмети, а новопримени се 477 предмети, при што според табеларниот преглед, вкупно во работа во текот на 2014 година биле 478 предмети и сите биле решени.

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Берово од претходната 2013 година останале нерешени 119 предмети кои се опфатени со ориентационата норма, а новопримени предмети од овој вид во текот на 2014 година биле 479. Според табеларниот преглед, вкупно во работа во овој оддел во текот на 2014 година биле 597 предмети, од кои биле решени 457 предмети и останале нерешени 140 предмети. Ова укажува на фактот дека **приливот во овој оддел не бил совладан за 21 предмет.**

Нерешени предмети во граѓанскиот оддел кои не се опфатени со ориентационата норма од претходната 2013 година биле 39 предмети, а новопримени се 550 предмети, при што според табеларниот преглед, вкупно во работа во текот на 2014 година биле 588 предмети, од кои решени биле 587 предмети и останал нерешен еден предмет. Од овие податоци произлегува дека **приливот на предмети кои не се опфатени со ориентационата норма во граѓанскиот оддел бил совладан за** 38 предмети.

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Берово во 2013 година по жалба во Кривичниот оддел било одлучено по 40 предмети од кои одлуките по 21 предмет биле потврдени или 52,5 %, по 2 предмети или 5 % одлуките биле преиначени, а укинати биле одлуки по 17 предмети или 42,5 %.

Според видот на предметите, во прекршочните предмети во текот на 2013 година, по жалба било одлучено по 37 предмети од кои потврдени биле 14 предмети или 37,9 %, преиначена била една одлука или 2,7 % и укинати одлуки по 22 предмети или 59,4%.

Во Граѓанскиот оддел по жалба било одлучено во 100 предмети од кои потврдени биле одлуките по 78 предмети или 78 %, преиначени биле 6 одлуки или 6 % и укинати одлуките по 16 предмети или 16 %.

**4. Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Берово во претходната 2014 година останале нерешени шест стари предмети и тоа: имотен спор од 2012 година; два работни спорови од 2011 година, еден предмет за физичка делба од 2012 година, еден предмет за повикани лица за издржување на казна затвор од 2012 година и еден предмет по приговор против платен налог од 2012 година.

**5. Заклучни констатации и согледувања**

Со оглед на вкупниот број на предмети во работа по кои било постапувано во Основниот суд Берово во текот на 2014 година, од една страна, и од друга – бројот на решени предмети, во однос на претходната извештајна година, може да се заклучи дека на ниво на судот, совладан е приливот за 11 предмети, имајќи предвид дека во 2014 година останале нерешени 223 предмети, во однос на претходната 2013 година во која имало 234 нерешени предмети. Меѓутоа, значително е зголемен приливот на предмети во овој суд во текот на 2014 година и тоа во кривичниот оддел вкупно новопримени предмети биле 1677, при што со остатокот од претходната година од 74 предмети, вкупно во работа во овој оддел биле 1742 предмети, од кои биле решени 1660 предмети, што значи месечно биле решавани по 158 предмети, така да остатокот од 82 предмети во овој оддел би можел да се совлада за помалку од еден месец. Во граѓанскиот оддел од вкупниот број предмети 597 во текот на 2014 година, решени биле 457 предмети, што значи дека на месечно ниво во просек биле решени по 43,5 предмети. Имајќи предвид дека во 2014 година останале нерешени граѓански предмети во вкупен број од 140, тоа би значело дека за совладување на овој заостаток потребно е повеќе од три месеци. Според тоа, со соодветно организирање на работата во судот при работењето по кривичните и граѓанските предмети, остатокот од вкупно 223 предмети (во кои е и еден оставински предмет, произлегува дека вкупниот заостаток на ниво на суд би можел да се надмине за период до три месеци, што значи дека овој суд е **апсолутно ефикасен суд.**

Меѓутоа, во однос на квалитетот на работа, особена е разликата во граѓанскиот оддел и кривичниот оддел. Имено, во граѓанскиот оддел се констатира дека е подобрен квалитетот, имајќи предвид дека во 2014 година биле потврдени 78 % од обжалените одлуки, но во кривичниот оддел сеуште е висок процентот на укинати одлуки и тоа 52,5 % од вкупниот број на обжалени одлуки. Состојбата со квалитетот на прекршочните предмети, исто така наложува потреба од подобрување, со оглед дека е висок процентот на укинати одлуки од оваа област, т.е 59,4% во однос на потврдените одлуки од 37,9%.

## ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

### 1.Предметно работење на ниво на судот

Од претходната 2013 година во Основниот суд Виница останале нерешени 339 предмети. Во текот на 2014 година во Основниот суд Виница биле примени во работа нови 3.193 предмети. Во текот на 2014 година во работа биле вкупно 3.532 предмети. Вкупно биле решени 3.238 предмети. Вкупниот број на решени предмети на крајот на 2014 година изнесува 294.

Во текот на 2014 година Основниот суд Виница го совладал приливот на нови предмети и го намалил заостатокот за 45 предмети.

### 2. Судска управа

Во текот на 2014 година примени се 675 предмети и сите се решени до крајот на извештајната година.

### Квалитет при одлучување на ниво на кривичен оддел

Од вкупно решени 691 предмет биле обжалени 109 предмети односно во 2014 година биле вратени од жалбена постапка 112 предмети и тоа: 60 предмети или 9% потврдени, 7 предмети или 1 % преиначени и 42 предмети или 6% укинати, 1 предмет делумно укинат и 2 предмети со отфрлена жалба.

Состојбата на квалитетот од вкупниот број на обжалени 112 предмети е следната: потврдени предмети 60 или 53,5%, преиначени 7 или 6,25 % и укинати 43 или 38,3 %.

Податоците даваат констатација дека во квалитетот поголем е бројот на процентот на потврдени предмети по жалба. Споредено со 2013 година процентот на укинатите одлуки по жалба е намелен од 49,57 % на 38,3%. И покрај ваквите подобрувања оценка е дека квалитетот на пресудените треба уште да се подобри.

### Квалитет и одлучување на ниво на граѓански оддел

Од вкупно решени 228 предмети биле обжалени 81 предмет, вратени од жалба 182 предмети и тоа: 61 потврдени или 27 %, 9 предмети преиначени или 7 %, 12 укинати или 5 %. На ниво на оддел од 82 предмети вратени по жалба, 61 се потврдени или 74,3 % потврдени, 9 предмети или 10,9% преиначени и 12 или 14,6 % укинати. Податоците за квалитетот на одлучувањето на ниво на оддел од вкупно решените односно вкупно обжалените и вратени по жалба даваат констатација дека во овој вид на предмети судот покажал добри резултати.

### Состојба со стари предмети.

Во 2014 година судот во работа имал вкупно 17 стари предмети и тоа
1 предмет од 2009 година, 8 предмети од 2011 година и 8 предмети од 2012 година. Во текот на годината решени биле вкупно 12 стари предмети, а останале нерешени 5.

**3. Заклучни согледувања**

Од податоците и констатациите изнесени во извештајот за работата на Основниот суд во Виница може да се извлече оценка за неговата ефикасност и ажурност како суд кој заостатокот може да го реши за 1,2 месеци, кое нешто дава за право да се категоризира како апсолутно ефикасен суд.

## ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО

- **Предметно работење на ниво на Суд**

Во судот како незавршени предмети од 2013 година имало 628 предмети. Новопримени во текот на 2014 година биле 3.706 предмети, со што во работа биле вкупно 4.334 предмети од кои во 2014 година се решени вкупно 3.615 предмети, а останале нерешени 719 предмети.

- **Судска управа, вкупно во работа 622 предмети и сите се решени.**

- **Работа по оддели и квалитет во работа**

***- Граѓански оддел (област)***

Во работа биле вкупно 2038 предмети (1397 вонпарнични, 73 извршни и 568 парнични), од кои 1511 се решени, 527 нерешени.

***- Кривичен оддел (област)***

Во работа биле вкупно 2296 предмети ( 29 дејствија во претходна постапка, 625 извршување санкции во кривично, 922 кривично полнолетни, 3 оценка на обвинителен акт), од кои 2104 се решени, 192 нерешени.

***- Квалитет на работа по сите основи***

Од вкупно 206 предмети вретени по жалба, потврдени 156, преиначени 17, укинати 32 и еден отфрлен предмет.

- **Состојба со стари предмети**

Од вкупно 25 стари предмети во работа тековната 2014 година, решен е само 1 предмет (кривично полнолетни). По структура во работа биле12 предмети од граѓанската област и 13 од кривичната.

- **Заклучни согледувања**

**Апсолутно ефикасен суд.** Заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за 1.7 месеци.

- **Предлог мерки**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на суди,
- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот,
- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење

## ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

### 1. Предметно работење на ниво на Суд

- Од претходната 2013 година, во Основен суд Кочани останале незавршени 1479 предмети.
- Во текот на 2014 година, во Основен суд Кочани се оформени и примени во работа 8423 нови предмети.
- Во текот на 2014 година, во работа биле вкупно 9902 предмети.
- Во текот на 2014 година, вкупно се решени 7517 предмети.
- Во текот на 2014 година, вкупниот број на нерешени предмети е 2385.

- Во текот на 2014 година, Основниот суд Кочани, ја совладал приливот, а заостатокот го зголемил за 906 предмети.

### 2. Судска управа

- Вкупниот број на незавршени предмети од претходната 2013 година е 0.
- Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2014 година, е 1672.
- Вкупниот број на предмети во работа во 2014 година, е 1672.
- Вкупниот број на решени предмети во 2014 година е 1672.
- нерешени 0

#### - Кривичен Оддел

- Во текот на претходната 2013 година, во кривичниот оддел останале незавршени 949 предмети.
- Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел е 5190 предмети.
- Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2014 година е 6136 предмети.
- Вкупниот број на решени предмети во текот на 2014 година во кривичниот оддел е 5235.
- Нерешени предмети до крајот на 2014 година, останале 901 предмети.

- кривичниот оддел го совладал приливот и го намалил заостатокот за 48 предмети.

#### -Граѓански Оддел

- Во текот на претходната 2013 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 530 предмети.
- Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел во текот на 2014 година е 3232 предмети.
- Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2014 година е 3763 предмети.
- Вкупниот број на решени предмети во текот на 2014 година во граѓанскиот оддел е 3282 предмети.
- Нерешени предмети во крајот на 2014 година останале 481 предмети.

- во граѓанскиот оддел е совладан приливот и е намален заостатокот за -49 предмети.

- Квалитет при одлучување на ниво на суд

Од 684 примените предмети по редовни правни лекови за извештајната година 481 односно 70.32% се потврдени, 55 односно 8.04% преиначени 137 односно 20.02% се укинати. Од 78 примени предмети по вонредни превни лекови 5 односно 64.10% се потврдени и 5 односно 6.41% преиначени 5 односно 6.41% укинати 16 односно 20.51 отфрлени.

**3. Состојба со стари предмети**

Во текот на 2014 година, во Основниот суд Кочани во работа имало 216 стари предмети, од кои: 117 се решени, нерешени останале 99.

**4. Заклучни согледувања**

Основниот суд Кочани според критериумите за пресметување на ефикасноста е апсолутно ефикасен суд, ако се има во предвид дека остатокот на нерешени предмети заклучно до крајот на 2014 година, судот може да ги реши за помалку од 2 месеци.

**Предлог мерки:**

Потребно изнаоѓање на решение за простори за судници.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

**1.Предметно работење на ниво на суд**

Останати предмети од претходната година во судот има 361 предмет, новопримени се 6.617, погрешно заведени биле 3 предмети, со што вкупно во работа биле 6.975 предмети. Решени се 6.637 предмети, а нерешени останале 339 предмети.

**2.Судска управа**

Новопримени предмети од судска управа имало 1.332 и сите биле решени до крајот на извештајната година.

**3.Работа по оддели и квалитетот во работата**

**3.1.Кривичен оддел**

Во извештајната 2014 година во кривичниот оддел биле вкупно во работа 5.105 предмети, а во претходната 2013 година 4.170 предмети, па евидентирано е зголемување за 935 предмети.

Во 2014 година во кривичниот оддел вкупно биле решени 4.924 предмети, а во претходната 2013 година 3.089 предмети, што е зголемување на бројот на решени предмети за 963.

Бројот на нерешени предмети во овој оддел во 2014 година е 181 предмет, а во претходната 2013 година биле 209 предмети, т.е. евидентирано е намалување за 28 предмети. Од тоа, примени се 497 предмети, односно за 288 предмети повеќе од претходната година. Решени се 512 предмети, а остатокот на нерешени предмети на крајот на извештајниот период е намален за 15 предмети.

Прекршочни предмети се примени 1.554, решени се 1.572 предмета, а остатокот на нерешени предмети на крајот на 2014 година е намален за 18 предмети.

Извршување на санкции примени се 1.477 предмети, решени се 1.470 предмети т.е. 643 предмети повеќе од претходната година.
Во овој контекст, учеството на предлозите за издавање казнен налог во вкупниот прилив на нови кривични предмети изнесува 76,05%, а на сите останати кривични предмети е 23,95%.

Бројот на незавршени предмети се одржува на релативно ниско ниво. Повеќе од 60% од обжалените одлуки се потврдени, а укинати и преиначени предмети 3,90%.

### 3.2.Граѓански оддел

Во извештајната 2014 година вкупно биле примени 1.719 предмети, а во 2013 година биле примени 2.801 предмет, што е намалување за 82 предмети. Во работа биле 1.871 предмет, решени се 1.713 предмети, на крајот од 2014 година во овој оддел останале нерешени 158 предмети, а во 2013 година заостатокот бил 152 предмети.

Неопходно е да се наведе намалувањето на заостатокот кај оставинските предмети, како последица на засилениот ангажман на нотарите.

Од жалбена постапка во Апелационио суд Штип, вратени се 89 предмети, потврдени се 67 предмети или 75,28%, преиначени се 4 предмети или 4,49% и укинати 18 предмети или 20,22%.

### 4.Состојба со стари предмети

На крајот од 2014 година останале нерешени по еден кривичен предмет, еден вонпарничен, еден оставински и 4 предмети за извршување казна затвор.

### 5.Заклучни констатации и согледувања

Имајќи ги во предвид изнесените податоци, произлегува дека Основниот суд во Радовиш го совладал приливот на нови предмети и го намалил остатокот на предметите. Може да се констарира дека судот е апсолутно ефикасен, со оглед дека заостатокот на предмети може да се реши во рок од 3 месеци.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во 2014 година нерешени од претходната година имало 750, новопримени биле 4944, вкупниот обем на работа во судот 5694 предмети, решени биле вкупно 5028 и нерешени 666 предмети. Приливот е совладан и заостатокот е намален за 84 предмети.

### 2. Судска управа

Нерешени предмети на почетокот на 2014 година 1, новопримени предмети 1032, вкупно предмети во работа 1033, вкупно решени предмети 1033, а нерешени предмети на крајот на 2014 година нема.

### 3. Работа по оддели и квалитетот во работата

#### Кривичен Оддел

Од 2013 година за предмети кои се опфатени со ориентационата норма, останале нерешени 263 предмети. Новопримени се 1720 предмети, а вкупно во работа биле 1983 предмети. Вкупно решени предмети во 2014 година се 1745 , а нерешени на крајот на 2014 година останале 238 предмети.

Споредбено со претходната година, кога имало во работа 2837 предмети, вкупниот број на предмети опфатени и неопфатени со ориентационата норма изнесува 2610 предмети, што значи обемот на работа е намален за 227 предмети или за 8 %.

Годишниот прилив на вкупниот број на предмети е совладан и заостатокот е намален за 25 предмети .

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: вкупно биле решени во 2014 година 180 кривично полнолетни предмети, обжалени вкупно биле 45 предмети или 25 %, а од 42 вратени обжалени предмети, потврдени биле 32 предмети (76,2%), преиначени 2 предмети (4,8%) и укинати 8 предмети (19%). Од вкупниот број на решени предмети, потврдени биле 18 %, преиначени 1 % и укинати 4%.

#### Граѓански оддел

На почетокот на 2014 година нерешени останале 231 предмети, новопримени се 826 предмети, вкупно во работа биле 1057 предмети. Решени во 2014 година биле 888 предмети, а нерешени на крајот на 2014 година останале 169 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: од вкупно решените 504 граѓански предмети вкупно биле обжалени 140 предмети (27,8%), од 171 вратени обжалени предмети потврдени биле 145 предмети (84,8%), преиначени биле 9 предмети (5,2 %) укинати 15 предмети (8,8 %) и 2 предмети делумно укинати (1,2).

Од вкупниот број на решени предмети, потврдени биле 28,8 %, преиначени 1,8%, укинати 3 % и делумно укинати 0,4 %.

**4. Состојба на стари предмети**

На крајот на 2014 година останал 1 стар нерешен предмет од 2012 година, од кривично полнолетни.

**5. Заклучни констатации и согледувања**

Судиите и останатите вработени, вложиле максимални напори за совладување на приливот и намалување на заостатокот. Овој суд е апсолутно ефикасен суд, бидејќи заостатокот на предметите може да се реши за појмалку од 2 месеци.

Судиите и стручните соработници, како и сите вработени треба да продолжат со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките, во насока на решавање на поголем број на предмети, постигнување на уште подобар квалитет во пресудувањето како и постојано стручно усовршување на судиите.

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

**1.Предметно работење на ниво на суд**

Од претходната 2013 година во судот биле евидентирани како нерешени 4.136 предмети. Во текот на 2014 година биле примени 19.135 предмети, а во работа биле вкупно 23.271 предмети. Во 2014 година решени се 19.192 предмети, а останале нерешени 4.079 предмет. Во однос на претходната 2013 година, заостатокот е намален за 57 предмети.

**2.Судска управа**

Во одделот за судска управа во текот на 2014 година примени се 1.642 предмети, а од 2013 година немало нерешени предмети, така што во работа судот имал 1.642 предмети. Во текот на годината решени 1.630 предмети, а останале нерешени 12 предмети.

**3.Работа во оддели и квалитетот во работата**

**3.1.Кривичен оддел**

Во текот на 2013 година во кривичниот оддел останале нерешени 2.771 предмет. Во текот на 2014 година примени се вкупно 12.843 предмети или во работа биле вкупно 15.614 предмети. Во текот на 2014 година решени се вкупно 13.070 предмети, а останале нерешени 2.544 предмети, што значи во однос на 2013 година имало намалување на бројот на нерешени предмети за 227.

**3.2.Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел во 2013 година останале нерешени 1.365 предмети. Во текот на 2014 година примени се 6.292 предмети или вкупно во работа биле 7.657 предмети. Во текот на 2014 година решени се вкупно 6.122

предмети, а останале нерешени 1.535 предмети, што значи има зголемување на бројот на нерешени предмети за 170.

Што се однесува до квалитетот на работењето во кривичниот оддел, процентот од вкупниот број на решени предмети изнесува за укинати предмети 0,14%, потврдени предмети 1,54%, преиначени предмети 0,07%.

Во граѓанскиот оддел процентот на вкупниот број на решени е следниот: укинати 0,13%, потврдени 1,21%, преиначени 0,07%, отфрлени 0,85%.

**4.Состојба на стари предмети**

Од 2013 година останале нерешени 166 предмети, новопримени во текот на 2014 година 327 предмети, или вкупно во работа имало 493 предмети. Решени се во текот на 2014 година 361 предмет, а останале нерешени 132 предмети. Во однос на 2013 година намален е заостатокот за 34 предмети.

**5. Заклучни констатации и согледувања**

Основниот суд Струмица во 2014 година, работел апсолутно ефикасно и ажурно. Во иднина и натаму да се води сметка за старите предмети и квалитетот во работењето на предметите.

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

**1.Предметно работење на ниво на суд**

Во Основниот суд Штип во текот на 2014 година вкупно во работа имало 15.665 предмет, заостанати од претходната година биле вкупно 2.990 предмети, новопримени во 2014 година биле вкупно 12.675 предметі, решени биле 12.693 предмети, а останале нерешени 2.972 предмети.

Од вкупно решените предмети обжалени се 1.257 предмети или 8,8 %, потврдени се 888 или 6,2%, преиначени 106 или 0,7% и укинати 263 или 1,8%.

**2.Судска управа**

Во текот на 2014 година, новопримени биле 956 предмети и сите се решени.

**3.Квалитет во работење по оддели**

**3.1.Квалитет за работата на граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел вкупно решени предмети биле 5.212, од кои обжалени биле 1.027 предмети или 19,7%, потврдени биле 854 предмети или 16,3%, преиначени биле 60 предмети или 1,1%, укинати биле 113 или 2,1%.

**3.2.Квалитет за работата на кривичен оддел**

Во кривичниот оддел биле вкупно решени 7.481 предмет, од кои обжалени биле 349 предмети или 4,66%, потврдени биле 208 предмети или 2,77%, преиначени биле 54 предмети или 0,72%, укинати биле 87 предмети или 1,16%.

**4.Состојба на стари предмети**

На почетокот на 2014 година во судот имало 117 нерешени стари предмети, примени се вкупно 132 предмети, вкупно во работа имало 249 предмети, од кои решени се 153 предмети, а остатокот на нерешени стари предмети изнесувал 96 предмети.

**5. Заклучни констатации и согледувања**

Основниот суд Штип на крајот од 2014 година, го совладал заостатокот на нерешени предмети во однос на 2013 година за 18 предмети. Исто така, совладан е заостатокот на нерешени стари предмети за 21 предмет.

Основниот суд Штип во 2014 година работи како апсолутно ефикасен суд. Во идниот период и понатаму внимателно да се води сметка за старите предмети и квалитетот на работењето на предметите.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**